Врз основа на член 30 став 6 алинеја 4 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18), Управниот Одбор на Фондот за иновации и технолошки развој на седницата одржана на 15.03.2021 година ја донесе следната

**Одлука**

**за донесување на Годишен извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година**

Член 1

Со оваа одлука се донесува Годишниот извештај за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

**Бр. 02-971/6**
**15.03.2021 година**
**Скопје**

**Претседател на Управен одбор**
**на Фонд за иновации и технолошки развој**
**Моника Јованова**

Архивски знак:
Shenjë arkivuese:
Рок на чување: ______ год
viti
Afati i ruajtjes
______20___ година
Потпис, viti
Nënshkrimi

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2019 ГОДИНА

Скопје, март 2021 година

СОДРЖИНА


1. ВОВЕД ........ 3
2. ОРГАНИ НА ФОНДОТ ........ 3
3. ОСНОВНА ДЕЈНОСТ НА ФОНДОТ ........ 4
4. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ........ 6
   ПРОГРАМИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРИВАТЕН СЕКТОР ........ 6
      ПЛАН ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СТОЛБ 3 ........ 6
      ПРОЕКТ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ И ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИ (ФИНАНСИРАН ОД ЗАЕМ ОД СВЕТСКА БАНКА)........ 7
      ПОРТФОЛИО НА КОРИСНИЦИ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР........ 9
   ПРОГРАМА ЗА РУРАЛЕН РАВОЈ ........ 13
   ПРОГРАМИ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И ИНОВАЦИИ – ЈАКНЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ........ 14
      ФОНД ЗА МЛАДИ УМОВИ
      ПРЕДИЗВИК ЗА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ 2
      СОРАБОТКА ПОМЕЃУ АКАДЕМСКАТА ЗАЕДНИЦА И ИНДУСТРИЈАТА
   ДРУГИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПОДДРШКА ........ 16
      А/ПРИМЕНА НА ИНОВАЦИИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР
      Б/ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА ПОДДРШКА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ И ТРАСФЕР НА ТЕХНОЛОГИИ КАЈ ММСП
      В/ПОДДРШКА НА САМОВРАБОТУВАЊЕ ПРЕКУ РАЗВОЈ НА ИНОВАТИВНИ БИЗНИСИ
5. СУБЈЕКТИ ЗА ДАВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДДРШКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ ........ 20
6. ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА АПЛИКАНТИ И КОРИСНИЦИ НА ФОНДОТ ........ 21
7. НАДЗОР, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ НА ПРОЕКТОТ ........ 22
8. ДРУГИ ПРОЦЕСИ ........ 23
9. ПАРТНЕРИ ........ 23
   ПАРТНЕРСТВО СО ДОМАШНИ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ........ 23
   СОРАБОТКА СО МЕЃУНАРОДНИ ПАРТНЕРИ ........ 25
10. ПРОМОЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ ........ 30
11. ОРГАНИЗАЦИЈА ........ 32
   ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА ........ 32
   УПРАВУВАЊЕ ........ 35
12. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ........ 40
13. ЗАКЛУЧОК ........ 42
14. ПРИЛОЗИ ........ 44

## ВОВЕД

Фондот за иновации и технолошки развој (во понатамошниот текст: „Фондот“) е правно лице основано според Законот за иновациската дејност, регистриран во Централниот Регистар на Република Македонија со решение број 30120130043573 од 16.12.2013 година и матичен број 6920098.

Визијата на Фондот е да биде централна институција за развој и спроведување на националната политика за иновации и технологии и во националниот иновациски систем, за постигнување на општествени и економски придобивки.

Мисијата на Фондот е поттикнување и поддршка на иновациска дејност кај микро, мали и средни, ново-основани претпријатија како и забрзан технолошки развој кој се темели на трансфер на знаења, развојни истражувања и иновации кои придонесуваат за економски раст и развој, но и подобрување на деловната клима за развој на конкурентска способност на компаниите.

Во периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 година Фондот ги реализираше планираните активности согласно динамиката утврдена во Годишната програма за работа на Фондот за 2019 година и Годишниот финансиски план за 2019 година. Истите се усвоени на Седницата на Влада на 04.02.2019 година.

## ОРГАНИ НА ФОНДОТ

Органи на управување на Фондот се:

- Управен одбор;
- Комитет за одобрување на инвестиции и
- Директор.

Владата на Република Северна Македонија ги именува и разрешува членовите на Управниот одбор, Комитетот за одобрување на инвестиции и Директорот.

Членови на Управен одбор на Фондот се:

- ✓ Моника Јованова - дипломиран преведувач и толкувач од македонски на албански јазик и обратно (претседател на Управен одбор);
- ✓ Дафина Гешоска - дипломиран економист (член на Управен одбор);
- ✓ Бранко Ничота - дипломиран инженер по електротехника и телекомуникации (член на Управен одбор);
- ✓ Димитрија Анѓелковски - дипломиран економист (член на Управен одбор);
- ✓ Весна Милетиќ - дипломиран професор по одделенска настава (член на Управен одбор);
- ✓ Дритон Зибери - дипломиран правник (член на Управен одбор);
- ✓ Пиштар Лутфиу - магистер по политички науки (член на Управен одбор) и

- ✓ Александар Стефановски -дипломиран новинар и менаџер со односи со јавноста (член на Управен одбор).

Во текот на 2019 година, составот на членовите на Управниот одбор претрпи промена, од должноста член на Управниот одбор на Фондот е разрешена Дафина Гешоска, со број на решение 24-5554/1 од 17.07.2019 година, а за член на Управниот одбор е именуван Александар Стефановски со број на решение 24-5903/1 од 14.07.2019 година.
Следна промена која што настана во составот на членовите на Управниот одбор е поради истекот на двегодишниот мандат на Весна Милетиќ, именувана со број на решение 24-4882/1 од 03.08.2017 година.
Заклучно со 31.12.2019 година Управниот одбор на Фондот брои 6 (шест) члена.

Членови на Комитетот за одобрување на инвестиции се:
- ✓ Кларис Бехар Молад - доктор на науки по глобален бизнис менаџмент – претседател;
- ✓ Дон Левис - магистер по бизнис и администрација;
- ✓ Никос Георгоулас - магистер по бизнис и администрација и финансии;
- ✓ Глигор Ташковиќ - магистер по бизнис и администрација; и
- ✓ Ави Сахи - магистер по бизнис и администрација.

Во ноември 2019 година истече двегодишниот мандат на два члена на Комитетот за одобрување на инвестиции, и тоа на Глигор Ташковиќ - магистер по бизнис и администрација и Ави Сахи - магистер по бизнис и администрација.

На Седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 24.12.2019 година, бр. 24-10630/2, Владата именуваше 2 (два) нови члена на Комитетот за одобрување на инвестиции, со мандат од 2 (две) години, и тоа:
- ✓ Ноел Грегор Патерсон Џонс – магистер по менаџмент студии и
- ✓ Вибху Шарма - доктор на науки електро-инжинер и магистер по бизнис администрација.

Заклучно со 31.12.2019 година Комитетот за одобрување на инвестиции брои 5 (пет) члена.

Заради зголемување на транспарентноста и инклузивноста во владините постапки за прв пат во Комисијата за избор на членови на Комитетот за одобрување на инвестиции беа вклучени и претставници од стопанските комори.

Директор на Фондот за иновации и технолошки развој е Јован Деспотовски, дипломиран економист.

## ОСНОВНА ДЕЈНОСТ НА ФОНДОТ

Основна дејност на Фондот е обезбедување финансиска поддршка на претпријатија регистрирани во Република Северна Македонија, со цел поттикнување на иновациската дејност преку кофинансирани грантови кои се доделуваат на конкурентна основа.

Основните задачи на Фондот се следните:

- финансирање, подготовка, реализација и развој на програми, проекти и други активности од областа на спроведувањето на иновациската политика;
- професионални и други работи во врска со прибавување на средства во Фондот, управување со тие средства и нивно користење;
- посредување во врска со финансирањето на иновациската дејност од средства на меѓународни организации, финансиски институции и тела, како и домашни и странски правни и физички лица, особено во областите на науката и технологијата, согласно со приоритетите утврдени во стратегијата за иновации;
- водење на база на податоци за корисниците на средствата доделени од Фондот, идентификациски податоци за субјектите на кои им се одобрени средства, програмите, проектите и другите активности во областа на иновациската дејност кои Фондот ги финансира, како и потребните и достапните финансиски средства за нивна реализација;
- поттикнување и создавање соработка со меѓународни и домашни финансиски институции и други правни и физички лица, поради финансирање на иновациската дејност, во согласност со иновациската политика и други стратешки планови и програми, како и со ратификувани меѓународни договори;
- избирање друштво за управување со приватни фондови преку јавен повик, кој ќе управува со средствата на Фондот наменети за реализација за инструментите за еквити и мезанин инвестиции;
- основање на Фонд за еквити и мезанин инвестиции и донесување на статут и проспект на Фондот за еквити и мезанин инвестиции;
- вложување на почетен капитал за формирање на приватен фонд и
- следење и евалуација на проектите на кои им се доделени средства, со цел развивање на претприемничко општество во Република Северна Македонија.

Во текот на 2019 година, Фондот своите задачи ги исполнуваше преку:

- доделување на финансиска поддршка за инструментот „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф" по основ на јавен повик „Стартапувај" објавен во 2018 година (22 Октомври 2018) со рок на аплицирање до 11 Декември 2018 година;
- доделување на финансиска поддршка за инструментот „Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации" врз основа на јавен повик објавен на 30 Март 2019 година со рок на аплицирање до 15 Мај 2019 година;
- објавување на јавен повик за доделување на финансиска поддршка за инструментот „Кофинансирани грантови за технолошки развој" преку скратена и редовна постапка на аплицирање на 13 Декември 2019 година;
- објавување на јавен повик за доделување на финансиска поддршка за инструментот „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф" (Стартапувај #2) на 25 Декември 2019 година;
- објавување и спроведување на тематски натпревари и предизвици;
- следење и промоција на проектите финансирани од страна на Фондот;
- остварување соработка со сродни институции и општествени чинители;
- дизајн на нови мерки за поддршка во насока на поттикнување на иновативната дејност и технолошкиот развој.

Фондот во текот на 2019 година остваруваше приходи од:

- ✓ средства од Буџетот на Република Северна Македонија;
- ✓ средства во износ од 1% од вкупните средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој;
- ✓ Законот за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за проектот за развој на вештини и иновации;
- ✓ средства од Фонд за еквити и мезанин инвестиции;
- ✓ донации;
- ✓ приходи од комерцијализација на иновации (ројалти);
- ✓ други извори во согласност со закон.

Во продолжение е прикажан дел од основните програми/проекти на Фондот, во подготовка или во тек на реализација.

## ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

## ПРОГРАМИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

### ПЛАН ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СТОЛБ 3

Фондот, како носител на третиот столб од Планот за економски раст на Владата на Република Северна Македонија за поддршка на развојот на микро, мали и средни претпријатија (во понатамошниот текст: "ММСП"), а во координација со Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, континуирано работи на активности поврзани со спроведување на Планот.

Станува збор за Предлог мерки за поттикнување на инвестициите, извозот и конкурентноста на македонската економија и тоа:

(а) Мерка 1: Поддршка на микро, мали и средни претпријатија (во понатамошниот текст ММСП) со тенденција на брз пораст („Газели");

(б) Мерка 2: Посебна (дополнителна) финансиска поддршка за ММСП;

(в) Мерка 3: Финансиска поддршка за подобрување на иновативноста;

(г) Мерка 4: Финансиска поддршка за стручно усовршување и пракса за новвработени млади лица и

(д) Мерка 5: Создавање на амбиент и изработка на законски основи за развој на ризичен капитал и „Бизнис ангели".

До месец ноември 2019 година, реализацијата на **Мерка 1** се одвиваше преку инструментот „Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција за брз пораст (Газели)", а реализацијата на **Мерка 2** се одвиваше преку инструментот

„Кофинансирани грантови за микро претпријатија„. Бидејќи инструментите обезбедуваат поддршка на ист вид на инвестициони активности, врз основа на добиена согласност од страна на Влада на РСМ инструментот „Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција за брз пораст (Газели)“ и инструментот „Кофинансирани грантови за микро претпријатија“, се споија во еден инструмент со назив: „**Кофинансирани грантови за технолошки развој**“.

Покрај усогласување на двата инструмента во еден, Фондот воведе и скратена постапка за аплицирање за инструментот „Кофинансирани грантови за технолошки развој“. Скратената постапка за аплицирање предвидува можност за апликантите чии предлог проекти не биле одобрени за финансирање од страна на Комитетот за одобрување на инвестиции, а ја поминале фазата на административна проверка и фазата на предселекција, да можат повторно да аплицираат на јавен повик по скратена постапка со ист односно подобрен проект при што директно влегуваат во фаза на финална селекција која ја спроведува Комитетот за одобрување на инвестиции, прескокнувајќи ги фазите на административна проверка и предселекција. Со тоа се врши рационализација на ресурсите (трошоци, време и останати ресурси) како на апликантите така и на Фондот.

Согласно промените, мерките од Планот за економски раст, столб 3 се спроведуваат преку следните инструменти за поддршка:

- ✓ Кофинансирани грантови за технолошки развој;
- ✓ Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста и
- ✓ Кофинансирани грантови за стручно усовршување и пракса на новоавработени млади лица.

Заклучно со 31.12.2019 година портфолиото на Фондот брои 135 (сто триесет и пет) одобрени предлог проекти по основ на инструментите за поддршка од Планот за економски раст, столб III.

Од вкупниот број на одобрени предлог проекти, 110 (сто и десет) предлог проекти се по инструмент за поддршка „Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста“, а 25 (дваесет и пет) предлог проекти се по инструмент за поддршка „Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција за брз пораст „Газели““.

## ПРОЕКТ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ И ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИ (ФИНАНСИРАН ОД ЗАЕМ ОД СВЕТСКА БАНКА)

Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации, финансиран од Светската банка, а имплементиран преку Министерството за образование и наука, има за цел подобрување на транспарентноста на распределувањето на ресурсите и унапредување на отчетноста во високото образование, како и подобрување на релевантноста на средното техничко стручно образование и поддршка на капацитетот за иновации во Република Северна Македонија.

Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации беше со рок на реализација до 30 Јуни 2019 година, но истиот е продолжен за дополнителен период од една година, односно рокот за завршување на проектот е 30 Јуни 2020 година.

Реализацијата на Проектот во износ од 17.700.000 евра (седумнаесет милиони и седумстотини илјади евра) го сочинуваат следните компоненти:

1) подобрување на транспарентноста на високото образование;
2) модернизација на средното техничко стручно образование и обука и
3) подобрување на капацитетот на иновации на претпријатијата и соработка со истражувачките организации.

Во рамки на проектот, Фондот се јавува како носител на третата компонента „Подобрување на капацитетот за иновации на претпријатијата и соработка со истражувачките организации".
Од вкупниот буџет на проектот 17.700.000 евра (седумнаесет милиони и седумстотини илјади евра), буџетот за третата компонента чиј носител е Фондот и чија цел е финансиска поддршка на претпријатија по основ на четирите инструменти наведени подолу, изнесува 9.159.750,00 (девет милиони сто педесет и девет седумстотини и педесет илјади) евра.

Како резултат на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации, Фондот разви и обезбедува финансиска поддршка преку 4 (четири) инструменти за поддршка на приватниот сектор:

1) кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф;
2) кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации;
3) кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и
4) кофинансирани грантови за технолошка екстензија.

Вкупниот број на проекти поддржани врз основа на горенаведените инструменти заклучно 31.12.2019 година изнесува 185 (сто осумдесет и пет) одобрени предлог-проекти.

Во првиот квартал на 2019 година Фондот обезбеди согласност и од Светската банка и од Владата на Република Северна Македонија за постапката започната на крајот на 2018 година, а поврзана со усогласување на инструментот за поддршка „Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста" развиен преку Планот за економски раст, столб III и инструментот „Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации" развиен преку заемот од Светска банка за проектот за поддршка на вештини и поддршка на иновации. По направеното усогласување се пристапи и кон комбинирање на средствата од двата извора на финансирање (заемот од Светската банка и Буџет од Планот за економски раст-столб 3) на буџетот на повикот за инструмент „Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации" објавен на 31.03.2019 година.

Исто така, кон крајот на 2019 година, врз основа на добиено позитивно мислење од страна на Светската банка, Фондот направи промена на критериумите за евалуација за инструментите „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и

спин-оф" и „Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации" при што се зголеми вредноста на критериумот „Капацитет на проектниот тим" за бод плус додека за еден бод се намали вредноста на критериумот „Квалитет на предлог проект". Промената во критериумите е направена во координација со Светската банка.

## ПОРТФОЛИО НА КОРИСНИЦИ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР (заклучно 31.12.2019)

Вкупното портфолио на Фондот за иновации и технолошки развој, заклучно со 31.12. 2019 година, по основ на сите три извори на финансиска поддршка на претпријатијата (План за економски раст (столб III), Проект за поддршка на вештини и иновации (Заем од Светската банка) и комбинирана програма (ПЕР + Светска банка)) изнесува вкупно 320 (триста и дваесет) одобрени предлог проекти.

Во табелата подолу се прикажани статусите на одобрените предлог проекти:

| Статус на проект | Број на проекти |
|---|---|
| Тековен проект | 203 |
| Во фаза на потпишување на договор | 35 |
| Завршен проект | 43 |
| Во фаза на одобрување на завршен извештај | 22 |
| Откажан проект | 10 |
| Замрзнат проект | 4 |
| Не започнат проект | 3 |
| Вкупно | 320 |

Вкупното портфолио на Фондот изнесува 56,572,955.33 евра (педесет и шест милиони петстотини седумдесет и две илјади деветстотини педесет и пет евра и триесет и три центи) при што износот на финансиска поддршка од страна на Фондот е 34,743,868.61 евра (триесет и четири милиони седумстотини четириесет и три илјади осумстотини шеесет и осум евра и шеесет и еден цент), додека сопственото кофинансирање на компаниите изнесува 21,829,086.72 евра (дваесет и еден милион осумстотини дваесет и девет илјади и осумдесет и шест евра и седумдесет и два центи) односно:



Портфолиото прикажано аналитички според инструмент на поддршка е следното:




Во табелата подолу е прикажан инвестираниот износ од Фондот според инструмент на поддршка:



Вкупното портфолио на Фондот анализирано според големина на поддржаните субјекти е следно:




Аналитика на портфолиото според поддржани сектори:



Аналитика на портфолио според седиште на поддржаните корисници:




Портфолиото анализирано според бројот на корисници кои имаат сопственик и/или управител жена е:




Дополнително, заради унапредување на евалуацијата на предлог-проектите и зајакнување на квалитетот на работењето на Фондот, во ноември 2019 година ревидирани и донесени се подолунаведените подзаконските акти со кои се уредува работата на стручните лица и стручните лица за ревизија:

- ✓ правилникот за начинот на вклучување и работа на стручните лица во работата на Фондот за иновации и технолошки развој;
- ✓ правилникот за начинот на водење на Регистарот на запишување и бришење на стручните лица;
- ✓ тарифникот за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење на стручни лица;

- ✓ правилникот за начинот на вклучување и работа на стручните лица за ревизија во работата на Фондот за иновации и технолошки развој и давањето на стручно мислење;
- ✓ правилникот за начинот на водење на Регистарот на запишување и бришење на стручните лица за ревизија;
- ✓ тарифникот за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење на стручни лица за ревизија.

Ангажирањето на стручните лица во работата на Фондот е поврзана со евалуација и давање на стручно мислење по предлог-проектите пристигнати под јавните повици за финансирање на предлог-проекти преку инструментите на Фондот. Во моментот, Фондот ангажира над 250 (двесте и педесет) домашни стручни лица во 22 (дваесет и две) области на експертиза. Заради значително зголемен интерес и пристигнување на голем број на апликации под јавните повици за финансирање на предлог-проекти преку инструментите на Фондот од страна на домашните компании идентификувана е потреба за проширување на Регистарот на домашни стручни лица преку нов јавен повик. Начинот на спроведување на јавниот повик и на запишување на стручните лица е уреден во Правилникот за начинот на водење, запишување и бришење од Регистарот на стручни лица. Со ново донесените Правилници е воведено и периодично тестирање за стручните лица, со што дополнително ќе се зајакне квалитетот во работењето.

Стручните лица за ревизија се ангажираат согласно потребата дефинирана во актите на Фондот, и тоа од Фондот и/или Комитетот за одобрување на инвестиции. Како и за стручните лица, така и за стручните лица за ревизија со ново донесените Правилници е воведено и периодично тестирање на истите. Со нивното ангажирање се очекува да се обезбеди високо ниво на професионалност и квалитет при разгледување и нудење на решенија за конкретни прашања поврзани со реализација на проектите.

## ПРОГРАМА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Приходите на Фондот остварени од Програмата за рурален развој се искористени за финансирање и спроведување на проекти поврзани со тематски предизвици и натпревари.

Во 2019 година, Фондот, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поведе иницијатива за искористување на дополнителни средства од „Програмата за рурален развој“ согласно Член 26 од Законот за иновациската дејност. Во таа насока, Владата ја донесе „Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој“, според која дел од средствата од „Програмата за рурален развој“ се наменети за доделување на техничка поддршка за воспоставување и спроведување на иновативни практики во областа на земјоделството и руралниот развој ќе се реализираат преку Фондот.

За реализација на овие средства помеѓу Фондот, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се предвидува да се потпише Договор за меѓусебна соработка од областа на иновациите и руралниот развој во текот на следната година.

## ПРОГРАМИ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И ИНОВАЦИИ – ЈАКНЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

### ФОНД ЗА МЛАДИ УМОВИ

Во рамки на студиите на изводливост изработени под проектот "Платно за Иновации: Пат кон зајакнување на националниот иновациски екосистем" една од препораките за унапредување на иновацискиот еко-систем се однесува на поактивно вклучување на Фондот во образование поврзано со поддршката на иновативноста и претприемништвото кај младите. Во таа насока, во 2019 година Фондот иницираше активности за дизајнирање на Национална сеопфатна програма – „Фонд за млади умови", со цел поттикнување на креативното и критичкото размислување, иновативноста и претприемништвото во сите нивоа на образованието. Оваа програма ѝ овозможи на Владата, приватниот сектор, меѓународните организации и граѓанското општество да се обединат со младите во државата во заедничка визија за напредок.

Од март 2019 година Фондот презеде серија активности, почнувајќи со панел дискусијата „Развој и поддршка на талентирани деца". Еден од главните панелисти на дискусијата беше меѓународниот експерт д-р Ребека Гренцер Елис, која повторно беше ангажирана од страна на Фондот со цел спроведување на анализа на постоечките мерки и недостатоците во системот. Беа спроведени и четири серии на фокус групи во кои учество зедоа претставници на различни ентитети - државни институции, академската заедница, иницијативи за неформално образование, но и родители и претставници на училишните заедници. Целта на одржувањето на фокус групите и податоците што беа добиени од истите беше овозможување подобро планирање и идентификување на можностите за подобрување, а во насока на изготвување на гореспоменатата сеопфатна програма за поддршка на критичкото и креативното размислување, иновативноста и претприемништвото. Наодите и препораките од анализата на податоците добиени од фокус групите преку јавна презентација беше споделена со чинителите во процесот на носење одлуки и со јавноста. Наодите и препораките од анализата ќе послужат како основа за понатамошно истражување и дебата со релевантните национални институции, бизнис секторот, претставниците на формалното и неформалното образование, како и со членовите на пошироката заедница вклучувајќи ги и младите.

Како резултат на овие работилници произлезе и планот на краткорочни активности спроведени во 2019 година во рамки на програмата „Фонд за млади умови": Понатамошна поддршка на програми кои покажуваат резултати. Оваа активност во 2019 се спроведување преку објава на вториот јавен повик под „Предизвикот за млади истражувачи", обезбедување на поддршка на вториот циклус на „Програмата за

социјално претприемништво на млади – UpShift" и обезбедување „Поддршка на претприемничкото образование во Европа и Евроазија" - Џуниор ачивмент.

Обезбедување на дополнителна поддршка на основа на веќе идентификувани потреби - доделување финансиска помош за активности поврзани со подготовка за меѓународни натпревари, учество на меѓународни натпревари и промоција на достигнувањата на младите. За оваа цел во 2019 година Фондот започна со изработка на Правилник за ваков тип на финансиска поддршка.

Воспоставување на Регистар на програми кои поттикнуваат креативност, иновативност, претприемништво и стекнување на „вештини за 21 век" кај младите. Владата на РСМ на 16.12.2019 година ја усвои Информацијата за воспоставување на „Регистар на програми" и ги задолжи релевантните институции да ги обезбедат бараните информации со што Фондот започна со прибирањето на податоците за воспоставување на овој Регистар.

## ПРЕДИЗВИК ЗА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ 2

Јавниот повик за „Предизвик за млади истражувачи 2" беше објавен на 01.02.2019 година и беше отворен до 31.03.2019 година. Целта на предизвикот е да ги поттикне учениците слободно да размислуваат и да наоѓаат креативни и иновативни решенија за проблемите и прашањата со кои секојдневно се соочуваат. Дополнително предизвикот придонесува да се поттикнат наставниците и наставничките, ученичките и учениците да ги препознаат способностите, да ги усовршуваат своите вештини и да соработуваат во насока на остварување на заедничките цели. Повикот беше отворен за тимови од ученици од сите основни и средни училишта и се однесуваше на финансирање на предлог-проекти кои опфаќаат истражувачки активности со примена на „научен метод". Од вкупно поднесените 84 (осумдесет и четири) предлог-проекти (47 основни и 37 средни училишта), одобрени за финансирање беа 34 (триесет и четири) истражувачки проекти, од кои 20 (дваесет) наградени се од основни, а 14 (четиринаесет) проекти се од средни училишта. Доделените средства под овој предизвик беа во вкупен износ над 5.000.000 (пет милиони) денари.

Во текот на 2019 година се спроведуваа и проектите наградени по „Предизвикот за млади истражувачи 1" објавен во 2018 година. Од вкупно 20-те наградени училишта, 5 (пет) успешно ги реализираа и завршија своите проекти. Во текот на 2019 година беа одржани 9 презентации на резултатите од овие проекти.

## СОРАБОТКА ПОМЕЃУ АКАДЕМСКАТА ЗАЕДНИЦА И ИНДУСТРИЈАТА

Во рамки на проектот "Платно за Иновации: Пат кон зајакнување на националниот иновациски екосистем" беше изработена „Студија на одржливост за креирање и имплементација на инструменти за иновациски политики" која имаше за цел да ги анализира постојните мерки за поддршка и да ги идентификува преклопувањето и слабостите во националниот иновациски екосистем. Главен недостаток кај мерките за поддршка на иновации, истражување и развој беше идентификуван кај трансферот на знаење помеѓу јавниот и приватниот сектор како и кај соработката помеѓу академската

заедница и индустријата. Со цел да се премостат овие недостатоци, Фондот во 2019 започна со подготовка на следните мерки за поддршка:

**Иновациски ваучери**

Иновациските ваучери претставуваат финансиски поттик кој претпријатијата го користат да покријат дел од трошоците за услугите кои ги нудат академските и научно-истражувачките институции. Развојот на нови производи, процеси и услуги е во директна релација со процесот на иновација. Иновациските ваучери овозможуваат директен финансиски стимуланс и трансфер на знаење, со што се зголемува динамиката на развојот на производите и услугите како и нивниот пласман на пазарот. Целта на Иновациските ваучери е да се поттикне соработката помеѓу претпријатијата и академските и научно-истражувачките установи во насока на спроведување иновациски активности, со што претпријатијата ќе ја зголемат својата конкурентност.

На основа на компаративна анализа од неколку иновациски ваучери кои веќе се спроведуваат и покажуваат позитивни резултати во регионот и во земјите на Европската Унија, Фондот изработи нацрт верзија на „Правилник за доделување средства преку иновациски ваучери". Со цел вклучување на чинителите во процесот на креирање политики, Фондот нацрт верзијата на овој правилник ја презентираше пред претставниците на академската заедница и приватниот сектор на два јавни настани организирани во соработка со на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје во ноември и декември 2019 година. Забелешките и препораките од овие две консултативни дебати беа земени како основа за ревизија на нацрт Правилникот. Со цел да го унапредиме процесот на консултација и вклученост во тек на изработката на јавните политики документите за оваа мерка на почетокот на следната година ќе бидат јавно достапни на нашата веб страна, каде се дава можност на експертската заедница и фирмите за дополнителни коментари и препораки.

**Кофинансирани грантови за соработката помеѓу академијата и индустријата**

Од страна на Фондот, во 2019 година беше поднесен предлог проект за обезбедување техничка помош преку ЕУ фондовите за обезбедување на експертиза за дизајнирање на оваа мерка. Овие кофинансирани грантови ќе бидат наменети за пилотирање на кооперативни проекти помеѓу академската заедница и индустријата. Мерката предвидува поддршка на активности за истражување и развој кои би се спроведувале главно во високообразовните институции и истражувачките центри, а кои имаат практична примена во индустријата и одговараат на потребите на бизнисот.

## ДРУГИ ИНСТРУМЕНТИ/МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА

Фондот покрај постојните инструменти, развива и други инструменти/мерки за поддршка на определени целни групи, во насока на поттикнување на иновациската дејност и технолошкиот развој:

(а) Примена на иновации во јавниот сектор;

(б) Техничка помош за поддршка и унапредување на иновациската дејност и трансфер на технологии кај ММСП; и

(в) Поддршка на самовработување преку развој на иновативни бизниси.

## А/ ПРИМЕНА НА ИНОВАЦИИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Фондот продолжи со спроведување на иницијативи со цел пилотирање на Инструмент - Примена на иновации во јавниот сектор. Со оваа иницијатива се поттикна поголемо вклучување на домашните компании со иновативна култура и капацитет, во обезбедување на потребите на јавниот сектор и општеството. Целта на идниот инструмент за примена на иновации во јавниот сектор е да финансира развој на иновативни производи и услуги за конкретна потреба на јавниот сектор. Со самиот процес на аплицирање за средства, на компаниите на компетитивна основа ќе им се обезбедат финансиски средства за развој на нов производ или услуга. Со вклучување на јавниот сектор како краен корисник, овие компании ќе добијат значително проширување на пазарот. Придобивка за јавниот сектор (и Буџетот на РСМ) е што новиот производ или услуга ќе може да се купи односно изнајми по цена што се очекува да биде значително под нивото, од цената што би се постигнала при „традиционална" постапка за јавна набавка.

Во текот на 2019 година, Фондот продолжи со спроведување на тековните предизвици на теми од посебен општествен интерес.

✓ ***Јавен повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија – О2 Предизвик.***

Во текот на 2019 година продолжија да се спроведуваат проектите, поддржани во рамки на Јавниот повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија – О2 Предизвик, подолу наведени по области:

- во областа - решенија со кои се намалуваат емисиите на загадувачки супстанци кои се резултат на греењето во домаќинствата и/или индустриските погони, „Еко Солар" ДООЕЛ од Штип во рамки на проектот „Воздушен колектор со ротирачки келии" изработи соларен воздушен колектор, кој го загрева воздухот со помош на сончева енергија и помага за догревање на просториите, и „Технобен Нова" ДОО од Прилеп со проектот „Компактен скрабер VA-PT" создаде вентури апарат за прочистување на отровни гасови од индустриски капацитети;
- во областа - решенија со кои се намалуваат емисиите на загадувачки супстанци предизвикани од сообраќајот, „Венито Комерц" ДООЕЛ од Кавадарци во рамки на проектот „Гет велосипед" изработи електричен еко велосипед со вградени филтри за прочистување на воздухот, и
- во областа - решенија со кои се намалува загадувањето предизвикано од градежната експанзија, „Бизифај" ДООЕЛ со проектот „Даст оф" создаде течен препарат, нано био-полимер од еколошки полимери од обновливи извори, кој ги апсорбира ПМ 2,5 и ПМ 10 (десет) честичките и ја спречува нивната емисијата. „Бизнис & иновејшн центр" ДОО од Тетово со проектот „Tech4O2-Technology for

oxygen" изработи иновативен бизнис модел со веб страна за замена на старите системи за греење со нови.

Сите горенаведени компании презентираа тестови и мерења кои ги покажуваат ефектите што ги имаат нивните иновации врз намалувањето на загадувањето на воздухот.

За реализација на проектите во рамки на повикот, беа доделени вкупно 7.711.697 (седум милиони и седумстотини единаесет иљади и шестотини деведесет и седум) денари кофинансирање од страна на Фондот, а средства во износ од 894.058 (осумсто деведесет и четири иљади и педесет и осум) денари беа обезбедени преку сопствено кофинансирање на апликантите.

✓ ***Тематски предизвик „Предизвик за иновативно решение за обезбедување на #Оброк за сите"***

На почетокот на 2019 година беше потпишан договор со здружението „Ајде Македонија" за спроведување на проектот „Сите сити 2" награден во рамки на „Предизвик за иновативно решение за обезбедување на #Оброк за сите". Основна цел на овој проект беше изработка на системско и одржливо решение за обезбедување на храна за лица (семејства) со реална потреба за поддршка од заедницата и институциите. Притоа, се придонесе и кон зајакнување на социјалната кохезија, како и генерирање на општествена вредност, при што заедницата имаше конкретна полза од претприемачките активности.

Во рамки на овој предизвик беше предвиден развој на ефикасен систем на активност, поврзување и координација на следните учесници:

- субјекти со пазарни вишоци (производители на храна, дистрибутери, трговци, угостители), како и граѓани кои сакаат да донираат прехранбени производи;
- дистрибуција (систем на волонтерски канали и/или еден дистрибутер кој ќе ги координира сите помали со расположливи капацитети/возила во даден временски период);
- администрирање на мрежа и учесници (МТСП/Црвен крст/партнерска организација/социјално претпријатије регистрирано за ваква дејност);
- инфраструктура за прифаќање и пристап до лица/семејства со потреба (мрежа на народни кујни или други пунктови, регистар на лица/семејства со реални потреби од ваква поддршка) и
- систем на признанија (налепници, беџови, дипломи, поени) за општествената одговорност и воедно подигање на свеста за неа кај други субјекти.

Дополнително, предвидена е и надградба на веб платформа која ќе обезбеди одржливо решение и ефикасно искористување на ресурсите на државата, како и рационално користење на вишоците од храна во приватниот сектор (заедницата) кои досега завршувале на отпад.

Вкупниот буџет за овој јавен повик изнесуваше 2.000.000 (два милиони) денари. За реализација на проектите во рамки на повикот, беа доделени вкупно 1.799.955 (еден милион седумстотини деведесет и девет илјади деветстотини педесет и пет) денари

кофинансирање од страна на Фондот, а средства во износ од 199.995 (сто деведесет и девет илјади деветстотини деведесет и пет) денари беа обезбедени преку сопствено кофинансирање на апликантот.

Идејното решение се пилотира првенствено на подрачјето на Куманово, Прилеп и Скопје, а планот е во иднина да се интегрира како системско решение на национално ниво.

✓ ***Јавен повик за финансирање на проекти – Предизвик за изработка на информациски систем на управување во областа на патничкиот и товарниот сообраќај***

Во декември 2018 година потпишан е договор со Друштвото за информатичка технологија НЕКСТСЕНС ДОО Скопје, како првонаградена компанија во рамки на Јавниот повик за финансирање на проекти – Предизвик за изработка на информациски систем на управување во областа на патничкиот и товарниот сообраќај. Основната цел на овој Јавен повик е да се понуди системско решение за изработка на информациски систем за управување во областа на патничкиот и товарниот сообраќај. Проектот е во крајна фаза на реализација.
Вкупниот одобрен буџет согласно Договорот за реализација на проектот во рамките на повикот, изнесува 4.522.722 (четири милиони петстотини дваесет и две илјади седумстотини дваесет и два) денари, целосно финансирање од страна на Фондот.

## Б/ ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА ПОДДРШКА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ И ТРАНСФЕР НА ТЕХНОЛОГИИ КАЈ ММСП

Во текот на повиците за инструментите за поддршка на приватниот сектор преку обезбедување на бесплатни консултантски/менторски услуги за унапредување на иновациската дејност како и за подготовка на предлог-проекти за инструментите на Фондот за иновации и технолошки развој. Дополнително, предвидено е и подобрување на пристапот кон бесплатна консултантска/менторска помош за претпријатијата преку обезбедување рамномерна регионална застапеност.

## В/ ПОДДРШКА НА САМОВРАБОТУВАЊЕ ПРЕКУ РАЗВОЈ НА ИНОВАТИВНИ БИЗНИСИ

Иницијативата се спроведе преку поддршка на невработени лица со цел започнување сопствен бизнис. Дел од програмата беше наменета за самовработување на лица преку основање на брзо растечки иновативни компании.

Дваесет и два проекти од млади претприемачи со потенцијал за брз пораст веќе започнаа со реализација преку Програмата за самовработување за 2019 година, што ја реализира Агенцијата за вработување, во соработка со УНДП и Фондот за иновации и технолошки развој. Овие проекти се дел од новата ИН-група што е воведена како новина во Програмата, чија цел е проектите со иновативна компонента да добијат соодветна

менторска поддршка и да го искористат целосниот потенцијал за брз пораст и висока додадена вредност. ИН-групата е надополнување на веќе постојните програми на Фондот за поддршка на старт-ап бизнис, и тоа во рана фаза на формирање на компанија и развој на бизнис план, што досега беше посочувано како крупна пречка за младите луѓе за аплицирање. Овие 22 (дваесет и две) нови компании ќе се придружат на над 100 (сто) старт-апи кои веќе реализираат свои проекти во рамки на програмите на Фондот во изминатите 24 (дваесет и четири) месеци.

## СУБЈЕКТИ ЗА ДАВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДДРШКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ

### Фонд за мезанин и еквити инвестиции (во понатамошниот текст "ФЕМИ")

Активностите за воспоставување на Фонд за еквити и мезанин инвестиции (ФЕМИ) се во завршна фаза. За ФЕМИ беше изработен документ кој ги содржи условите и начините на неговото функционирање, инвестиционата стратегија и инвестиционите политики. Во наредната 2020 година реализацијата ќе биде во согласност со законските и подзаконските акти на Фондот.

### Деловно-технолошките акцелератори

Во втората половина на 2018 година, Фондот за иновации и технолошки развој во соработка со Светска Банка за прв пат додели средства за поддршка на три бизнис акцелератори за млади. Со формирање на овие бизнис акцелератори, избраните корисници (деловни акцелератори) развија програми за менторство и развој на старт-ап компании за млади, вклучително и финансиска поддршка за развивање на брзо растечки бизниси кои ќе креираат високоплатени работни места. Со програмите, посебен фокус е ставен на младите претприемачи, кои преку оваа конкретна менторска и финансиска поддршка базирана на меѓународни искуства, добиваат можности кои се нудат во другите развиени земји. Активностите на деловните акцелератори започнати во 2019 година ќе продолжат и во наредниот период. Дополнитено, согласно расположливите буџетски средства, Фондот во 2020 година планира да објави уште еден повик за нови деловно-технолошки акцелератори.

### Научно-технолошки парк

Фондот за иновации и технолошки развој на 20.02.2019 официјално го претстави концептот на новиот Научно-технолошки парк (во натамошниот текст ,,НТП") во Скопје. На јавниот настан се обратија еврокомесарката за дигитална економија и општество, Мариа Габриел, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски, како и директорот на Фондот, Јован Деспотовски. Научно-технолошкиот парк ќе се гради во три фази. Во рамките на истиот настан беше отворен Деловно-технолошкиот акцелератор УКИМ за млади претприемачи и иноватори, кој е дел од првата фаза од Научно-технолошкиот парк. Акцелераторот е сместен во кампусот на техничките факултети во Скопје, а за оваа намена, Фондот во соработка со Светската банка ги обезбеди првите половина милион евра инвестиции. Втората и третата фаза на Научно

технолошкиот парк предвидуваат изградба на нови згради и лаборатории, кои се очекува да бидат завршени до 2024 година (втора фаза) односно до 2027 година (трета фаза).

Концептот беше развиен врз база на Студијата за изводливост подготвена со финансиска и техничка поддршка од Делегацијата на ЕУ во Скопје, а ја изработи тим од меѓународни експерти. Вкупната проценета инвестиција во Научно-технолошкиот парк за сите три фази е околу 80 (осумдесет) милиони евра. Инаку НТП е иницијатива на Владата на Република Северна Македонија, а се спроведува од страна на Фондот и Министерството за информатичко општество и администрација. НТП има за цел забрзан економски раст и побрз приклучок кон светските економски и општествени текови. Научно-технолошкиот парк е простор кој под еден кров нуди инфраструктура, услуги и пристап до финансии што ќе поттикнат раст базиран на ризик, знаење и иновации. Истовремено, Паркот ќе биде место за воспоставување контакт и соработка помеѓу академската заедница, студентите, бизнисите и инвеститорите.

### Национална канцеларија за трансфер на технологии

Во текот на 2018 година беа разгледувани можности за определување на идниот статус на канцеларијата за трансфер на технологии. Националната канцеларија ќе врши трансфер на технологии и други услуги во врска со раководење со договори за истражувања, поттикнување на соработка меѓу универзитетите и индустријата, поддршка на универзитетите и индустријата за активности поврзани со технологии и интелектуална сопственост. Беа вршени анализи и се разгледуваа можности за интегрирање на оваа канцеларија во идниот Научно-технолошки парк.

## ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА АПЛИКАНТИ И КОРИСНИЦИ НА ФОНДОТ

Во текот на повиците за инструментите за поддршка на приватниот сектор за „Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации“ како и за инструментот „Кофинансирани грантови за технолошки развој“ на потенцијалните апликанти им беше овозможена техничка помош од домашни консултанти на четири теми поврзани со иновациите и општите услови на јавните повици. Понудени области за техничка помош за апликанти и корисници на Фондот беа: Иновациски менаџмент, Анализа на пазар, Изработка на предлог проекти и Истражување на потенцијал за заштита на право од индустриска сопственост. Во рамките на овие консултации беа опфатени околу 100 (сто) компании потенцијални апликанти на двата повика.

Од друга страна, покрај обезбедување на техничка помош за потенцијалните апликанти на повиците на Фондот, Фондот продолжи со обезбедување на техничка помош (менторска поддршка) за корисниците по инструментите за поддршка на приватниот сектор, корисниците од третиот и четвртиот повик (Инструменти: Ко-финансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф и Комерцијализација на иновации), корисниците од инструментот за поддршка на акцелераторите и корисниците од О2 предизвикот.  Менторството се спроведува преку ангажман на резидентен консултант обезбеден преку Проектот за развој на вештини и иновации

(финансиран од Светската банка) и преку ангажман на домашна компанија избрана по тендерска постапка спроведена од страна на Фондот.

Воедно, по потпишување на договорите со компаниите корисници од повикот „Стартапувај" за инструментот Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф (вкупно 47 компании) започна процесот на проценка на потребите (needs assesment) по кој следеа, во два наврата, индивидуални менторски сесии за компаниите корисници.

## НАДЗОР, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ НА ПРОЕКТОТ

Целта на надзорот е да се следи напредокот на проектот и спроведувањето на планираните активности, да се потврди дека реализираните трошоци се во согласност со одобрениот буџет на проектот за дадениот период и согласно процедурите на Фондот, како и да се оценат остварените резултати по завршувањето на проектот.
Методите на надзор вклучуваат:

- ✓ разгледување и одобрување на извештаите поднесени од страна на корисникот;
- ✓ теренски посети на корисниците и членовите на конзорциумот;
- ✓ теренски посети на крајните корисници под Инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за технолошка екстензија;
- ✓ теренски посети на корисниците на деловно-технолошкиот акцелератор финансиран под инструментот–Кофинансирани грантови за воспоставување, работа и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори;
- ✓ евалуација на остварените резултати од проектот и длабинска деловна и финансиска анализа.

Во 2019 година корисниците на финансиска поддршка преку инструментите за поддршка на Фондот доставуваа квартални и завршни извештаи согласно процедурите на Фондот. Поради зголемиот бројот на корисници, покрај мониторинг тимовите составени од вработени/ангажирани лица во Фондот, по пат на тендер беа избрани и две големи ревизорски куќи (Дилоит ДОО и Грант Торнтон ДОО) кои учествуваа во спроведување на мониторингот на проектите на корисниците согласно утврдените правила и процедури на Фондот. За сите корисници чии проекти започнаа кон крај на 2018 година и во текот на 2019 година беа одржани инфо сесии за имплементација на проектите.Беа одобрени 357 (триста педесет и седум) извештаи (квартален и завршен) и спроведени 139 (сто триесет и девет) теренски посети на корисниците на грантови, од кои 58 (педест и осум) беа со членови на Комитетот за одобрување на инвестиции. Теренските посети вклучуваа посета на деловниот простор на корисникот и средба со клучните луѓе на проектот со цел надзор над спроведувањето на истиот (пр. придржување кон процедурите, постигнување на предвидените резултати, придржување кон временската рамка, придржување кон одредбите на договорот за доделување средства итн.). Корисниците од првиот, вториот, третиот и четвртиот повик од инструментите за поддршка од Светска банка чии проекти биле завршени до крајот на 2018 година, во текот на 2019 година ги доставуваа своите шестмесечни извештаи во предвидениот период.

Во 2019 година, 17 (седумнаесет) корисници имаат уплатено средства по основ наројалти во износ од 1.668.249 (еден милион шестотини шеесет и осум илјади двестотини четириесет и девет) денари.

## ДРУГИ ПРОЦЕСИ

Фондот согласно дополнувањето на Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија, од крајот на 2019 година, ќе утврдува постоење на особен економски интерес, ако странец кој поднел барање за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија, инвестирал капитал во износ од најмалку 200.000 (двесте илјади) евра по лице, во период од најмалку две години, во приватен инвестициски фонд. Утврдувањето на постоење на особен економски интерес ќе биде согласно програмата на приватниот инвестициски фонд наменета за поддршка на економијата, иновациите и инвестицискиот развој на Република Северна Македонија; извештај за реализација на програмата и вложувањата на приватниот инвестициски фонд за инвестицијата наменета за поддршка на економијата, иновациите и инвестицискиот развој на Република Северна Македонија, во кој фонд странецот има вложување, издаден од страна на Друштво за управување со приватни фондови и други останати документи.

## ПАРТНЕРИ

## Партнерство со домашни институции и организации

Фондот ја продолжи успешната соработка со Владата на Република Северна Македонија, Министерство за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Кабинетот на вицепремиерот задолжен за економски прашања и другите економски ресори, Агенција за финансиска поддршка на земјоделието и рурален развој, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, Државен завод за заштита на индустриска сопственост, Државен завод за статистика, Македонска банка за поддршка на развојот, Министерство за здравство и други владини, невладини институции, како и единиците на локална самоуправа.

Во рамките на активностите на партнерство и соработка со домашни институции Фондот имаше остварено соработка и потпишано Меморандуми за соработка со:

- *Македонска берза АД Скопје*

Целта на овој меморандум е да им се овозможи на домашните компании корисници на Фондот пристап до алтернативен извор за прибирање на капитал преку отворените можности за пристап до глобалната интернет платформа за финансирање и трговија

Funderbeam, која овозможува поврзување со 200.000 (двесте илјади) приватни компании и 17.000 (седумнаесет илјади) инвеститори низ Европа. Република Северна Македонија, преку Македонска берза, е прва земја од регионот на Западен Балкан, која ќе има пристап до оваа интернет платформа за финансирање која функционира преку принципот на креирање кампањи за собирање средства, таканаречени – crowd funding. Меморандумот беше потпишан во март 2019 година.

- *Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ)*

Во јули 2019 година Фондот за иновации и технолошки развој и МАНУ (Македонска академија на науките и уметностите) потпишаа Меморандум за соработка кој опфати покренување на заеднички проекти и студии од областите на претприемништвото, иновациите, истражувањето и технолошкиот развој. Целта на овој договор беше стимулирање на конкурентноста преку истражување на можни инструменти за креирање иновативни политики, како и политики поврзани со образование и поддршка на мобилноста помеѓу академијата и индустријата, вклучувајќи и меѓународна мобилност на ученици, студенти и претставници на академската заедница.

- *Филозофски факултет Скопје*

Фондот за иновации и технолошки развој го зголемува бројот на свои соработници, постојано стремејќи се да го унапредува образованието и воведувањето на иновации во едукативниот процес. Потпишаниот Меморандум со Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, потпишан во декември 2019 година има за цел:

1. Истражувања и поддршка на наставно-научни настани кои го промовираат концептот на иновативност во образованието, науката и општеството;
2. Поддршка на Меѓународната недела на тема „Иновациите во хуманистичките и општествените науки“, која ќе се одржи од 17-21 Февруари 2020 година; и
3. Стручна и научна експертиза од доменот на хуманистичките и општествените науки, за потребите на Фонд за иновации и технолошки развој.

- *Македонска банкарска асоцијација:*

Целта на овој меморандум е олеснување на пристапот до финансии за домашните компании корисници на средства од Фондот, но и за компаниите кои аплицирале на повиците на Фондот, а не добиле финансиска поддршка. Преку овој меморандум банкарскиот сектор поактивно се вклучува во финансирање на иновативни проекти и проекти со потенцијал за значителен раст. Потпишувањето на меморандумот е закажано во Јануари 2020 година.

Во текот на 2019 година Фондот ја засили и соработката со старт-ап заедницата. Македонската старт-ап заедница доби свој центар MKstartups Space наменет за настани, вмрежување и едукација на иновативните претприемачи. Центарот се наоѓа во Скопје, и е под водство на Асоцијацијата Старт-ап Македонија во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој.

Во рамките на веќе остварените соработки со подолунаведените институции, во 2019 година продолжи реализацијата на истите и тоа:

- согласно соработката со Министерството за образование и наука, беше организиран натпревар за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта – Предизвик за млади истражувачи 2;
- согласно остварената соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, истата продолжи со реализирање на Јавниот повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија – 02 Предизвик.
- согласно остварената соработката со Министерството за труд и социјална политика, во текот на 2019 година продолжи реализацијата на Јавниот повик - Предизвик за иновативно решение за обезбедување на предизвикот #Оброк за сите.
- согласно остварената соработка со Министерството за транспорт и врски, продолжи реализацијата на проектот за изработка на информациски систем за управување во областа на патниот и товарниот сообраќај финансиран преку предизвикот „ПРИСТАП" за изработка на информациски систем за управување во областа на патничкиот и товарниот сообраќај.

Министерството за финансии и Фондот за иновации и технолошки развој од 29 ноември до 1 декември 2019 година, по втор пат, организираа ФинХакатон2 чија цел овој пат беше изготвување на иновативна маркетинг стратегија за новата наградна игра "МојДДВ, #МојаНаграда". „ФинХакатон 2":МојДДВ,#МојаНаграда беше наменет за маркетинг агенции и други домашни компании, кои може да понудат иновативна маркетинг стратегија. Со цел поддршка на младите, заинтересирани компаниите во својот тим беше потребно да вклучат и студенти со најмалку запишани студии од областа на економија, право, организациски студии, дизајн, односи со јавност или сродни студии. Од хакатонот треба да произлезе иновативна маркетинг стратегија за следните 12 месеци за брендирање, предлог концепт, дизајн, креатива, видео концепт, предлог за извлекувањата и прогласување на победниците за наградната игра "МојДДВ, #МојаНаграда". Буџетот за имплементирање на стратегијата за победничкиот тим изнесуваше 2.000.000 (два милиони) денари.

Фондот соработуваше и со другите институции кои обезбедуваат поддршка на секторот за микро, мали и средни претпријатија и во секторот на иновации, истражување и развој преку организација на информативни настани, учество на конференции и други активности.

## Соработка со меѓународни партнери

Фондот воспостави, ја развиваше и ја продлабочуваше соработка и со меѓународните институции, како што се: Светска банка, Европска комисија, УСАИД, УНДП, УНИЦЕФ и други институции/организации за мобилизација на финансиски средства за постигнување на дефинираните цели. Во текот на 2019 година продолжи соработката со меѓународните партнери при што со дел од нив се потпишани и/или обновени меморандуми за соработка.

## Програма за развој на Обединетите Нации (УНДП)

Кон крајот на 2019 година Фондот за иновации и технолошки развој и Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) потпишаа меморандум за соработка со кој преку заеднички активности ќе се работи на засилување на иновациските дејности и воведување иновативни процеси во јавниот сектор, поддршка за раст на малите и средни претпријатија, промоција на истражување и ефективни модели на управување, како и зголемување на соработката меѓу јавниот, приватниот и невладиниот сектор. Двете институции, со овој меморандум, се обврзуваат да го поддржат растот на микро, малите и средните компании преку спроведување на иновативни решенија и услуги; тесно да соработуваат со домашните претпријатија за да можат да ги остварат сопствените цели за одржлив развој заедно со развојните агенции и јавните институции; да го унапредуваат и промовираат долгорочниот развој преку технолошки подобрувања и поддршка на развојот на дигиталните вештини што пак треба да придонесат кон создавање нови работни места, како и вклучување на жените во техничките и природните науки и комерцијални проекти за да се пополнат родовите празнини на пазарот на трудот. Дополнително, Фондот и УНДП ќе работат на подигање на свеста за нови иновативни пристапи, технолошки подобрувања, трансфер на знаење во различни индустрии и промоција на истражувањата меѓу академскиот и приватниот сектор.

## Светската Банка

Фондот ја прошири соработката со Светската Банка во насока на градење и зголемување на капацитетите на оваа институција. Во втората половина на 2019 година започна со активности „Innovation and competitiveness Ecosystem Technical Assistance“ финансирана од страна на британскиот фонд GGICR (Good Governance and Investment Climate Reform) trust fund, а имплементатор е Светската банка. Времетраењето на техничката помош е во текот на целата 2020 година сé до првиот квартал на 2021 година.

Техничката помош ќе биде фокусирана на следниве области за работа со Фондот:

- спроведување на релевантна аналитика и дијагностика на тековните инструменти за поддршка и институционалната рамка (вклучително институционалната поставеност, овластувања и капацитет, законската и регулаторната рамка). Врз основа на тие анализи, генерирање на препораки за подобрување на инструментите за поддршка и институционалната инфраструктура за нивна имплементација;
- зајакнување на владината поддршка за иновации преку поддршка во имплементација на препораките за инструментите за поддршка и институциите кои ќе ги спроведуваат. Ова вклучува:
    - а/ можна консолидација на инструментите, подобрување на истите и подобрување на правната рамка за инструментите и
    - б/ можна консолидација на институциите, подобрување на правната рамка на институциите, како и подобрување на капацитетите на институциите за имплементација на инструментите;
- подобрување на правната рамка за ризичен капитал во земјата, базирано на претходни анализи и дијагностики направени од страна на Светската банка;

- дизајнирање и поддршка на имплементација на програма за развој на побарувачката од страна на компании кои се развојно ориентирани и за кого инструментите за иновации и компетитивност ќе бидат соодветни, подобрување на граѓанскиот ангажман, опфатот и транспарентноста во однос на инструментите и нивната имплементација.

Преку оваа техничка помош ќе се обезбеди континуитет во соработката со Светската банка со оглед на тоа дека Рроектот за развој на вештини и поддршка на иновации завршува заклучно јуни 2020 година, но и ќе се овозможи поддршка на Фондот во развој и имплементација на програми за поддршка со цел реализација на стратешките цели.

## Swiss State Secretariat for Economic Affairs Entrepreneurship Project

И во 2019 продолжи соработката меѓу Фондот и SECO EP (Swiss State Secretariat for Economic Affairs Enerpeneurship Project) поддржан од Свис контакт (Swisscontact). Во рамките на оваа соработка, на 11 и 12 јуни во просториите на ФИТР, беше организирана дводневна тренинг програма (Boot camp). Тренингот беше наменет за апликантите на Јавниот повик Стартапувај за чии проекти Комитетот за одобрување на инвестиции препозна значителен потенцијал за унапредуваење на бизнис идејата, и предложи да бидат дел од посебна тренинг програма. Целта на овој тренинг беше овозможување на дополнителна обука на апликантите заради подобрување на одделни делови од нивните апликации.

## Swiss Entrepreneurship Programme – Swiss EP

Во ноември 2019 година Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) и Швајцарската програма за претприемништво (Swiss Entrepreneurship Programme – Swiss EP) на швајцарската амбасада во Северна Македонија потпишаа меморандум за соработка чија цел е поддршка за развој на иновативноста и претприемништвото во земјата. Засилување на соработката помеѓу институциите и претприемачите, како и индивидуална поддршка за надградба на институционалните капацитети се главните аспекти на овој договор кои ќе се имплементираат преку низа активности како менторска поддршка од експерти, обука за подготовка на бизнис модели и комуникациски стратегии, обезбедување поддршка за бизнис ангели и инвеститори, како и воспоставување на систем за следење на напредокот на компаниите кои работат на иновативни проекти.

## Соработки поддржани од Фондот и **делегацијата на Европската Унија**:

### 1/ Канвас за иновации

Во мај 2019 година беше завршен проектот „Канвас за иновации: пат кон зајакнување на националниот иновациски еко-систем - студии на одржливост" финансиран од претпристапните фондови на Европската унија чиј главен корисник беше Фондот. Во рамките на овој проект беа изработени три студии на одржливост кои содржат анализи на состојбите во националниот иновацискиот еко-систем како и препораки за негово унапредување:

- физибилити студија за креирање и имплементација на инструменти за иновациски политики;
- физибилити студија за дизајн на техничка помош за подобрување на иновациите и технолошкиот развој во приватниот сектор и
- правна рамка: можно сценарио засновано да добри практики вклучувајќи и правни аспекти.

Дел од препораките наведени во студиите за одржливост Фондот започна да ги спроведува во 2019 година, а дел од овие препораки ќе се вклучат во Годишната програма на Фондот за 2020 година и во Среднорочната програма.

**2/ Проект за прекугранична соработка - CBC Innov8**

Фондот реализира проект „Иновативен Еко-Систем во областа на прекуграничната соработка (CBC Innov8)" како дел од ИПА 2 Програмата за прекугранична соработка меѓу Северна Македонија и Албанија, кој официјално започна на 01.01.2018 година и ќе трае до 30.04.2020 година. Овој проект е во партнерство со Еуропартнерс Дивелопмент од Албанија (водечки партнер), Национален центар за развој на иновации и претприемничко учење (НЦРИПУ) Македонија и Агенција за истражување, технологија и иновација од Албанија (АРТИ). Целта на проектот е да се зголеми конкурентноста и трговијата во областа на прекуграничната соработка, преку олеснување на трансферот на know-how технологии меѓу старт-ап и мали и средните претпријатија.

Во текот на 2019 година се реализираа следниве активности:

- ✓ Спроведени се тендерски постапки за опремување за иновативниот хаб, како и ангажирање на лица за во истиот;
- ✓ Воспоставен иновативен хаб во рамки на Факултет за туризам и угостителство во Охрид;
- ✓ Потпишување на меморандум за соработка помеѓу Универзитетот "Св. Климент Охридски„ – Битола и Универзитетот „Фан С. Ноли„ – Корча;
- ✓ Свечено отворање на иновативниот хаб;
- ✓ Објавен повик за доделување на грантови и извршена селекција на грантисти и
- ✓ Спроведена постапка за ангажирање на ментор за поддршка на грантисти.

Вкупна вредност на целиот тригодишен проект е 389.028,69 евра (триста осумдесет и девет илјади дваесет и осум евра и шеесет и девет центи), од кој Фондот покрива трошоци во висина од 106.243,00 (сто и шест илјади двеста четириесет и три) евра.

## Програмата за социјално претприемништво на млади - UPSHIFT

На 03.07.2018 година Фондот и УНИЦЕФ потпишаа Меморандум за соработка за спроведување на „Програмата за социјално претприемништво на млади – UpShift" со кој се утврдува взаемната соработка и ко-финансирањето на оваа програма. UPSHIFT е програма развиена од страна на УНИЦЕФ, а има за цел преку решавање на социјални проблеми и предизвици да им помогне на младите луѓе да развијат нови вештини, да научат повеќе за социјалното претприемништво и да стекнат нови пријателства. Програмата ја реализира ЦЕЕД Хаб Скопје во соработка со Фондот, УНИЦЕФ, Министерството за образование и наука и Бирото за образование, а е наменета за

младите луѓе на возраст помеѓу 13 и 19 години кои треба да креираат претприемачки решенија за општествените проблеми и да се здобијат со претприемачки вештини кои ќе им помогнат при вработувањето. Во рамки на оваа програма во текот на 2019 година беа објавени три повици за учество во програмата на кои се пријавија повеќе од 200 (двесте) тимови. Од нив се селектираа 30-тина тимови со вкупно околу 120 (сто и дваесет) ученици кои учествуваа на тридневни работилници за развој на нивните идеи. 15 (петнаесет) најуспешни идеи беа наградени со грант во вредност од 2.000 (две илјади) евра за реализација на идеите.
Врз основа на позитивните резултати постигнати во првиот циклус на UpShift програмата, на 14.11.2019 година беше потпишан и нов Меморандум за соработка помеѓу Фондот и УНИЦЕФ за спроведување на втор циклус на програмата кој ќе започне во декември 2019 година и ќе се реализира до крајот на 2020 година.

### „Поддршка на претприемничкото образование во Европа и Евроазија" – Junior Achievement

На 12.12.2019 година Фондот и УСАИД потпишаа Меморандум за соработка за спроведување на проектот „Поддршка на претприемничкото образование во Европа и Евроазија" со кој се утврдува взаемната соработка и ко-финансирањето на овој проект. Од 2017 година проектот со поддршка на УСАИД се спроведува на национално ниво од страна на Џуниор Ачивмент Македонија и цели да ги инспирира и подготви младите луѓе да успеат во глобалната економија преку развој и спроведување на програми за претприемничко образование, финансиска писменост и подготвеност за работа. Проектот соработува со средни училишта, студенти, наставници и родители и други организации што пружаат поддршка, бизнис асоцијации, финансиски институции и водечки компании што сакаат да го поддржат претприемничкото образование во Северна Македонија. Проектот го подобрува партнерството меѓу бизнисите и училиштата со цел создавање генерација на млади луѓе способни да применат иновативни пристапи и техники во нивните наставни активности и луѓе кои ќе бидат подготвени за модерниот пазар на труд.

Спроведувањето на проектот Фондот ќе го поддржи почнувајќи од декември 2019 година до јануари 2021 година. Активностите поддржани од Фондот ќе вклучуваат одржување на Кампови за иновации, обуки на наставници, спроведување на државен натпревар за најдобри ученички компании и учество на победничкиот тим на меѓународен натпревар.

### SME Innovation Capacity Boost

Фондот, во улога на набљудувач учествуваше во проектот SME Innovation Capacity Boost во рамки на програмата Interreg V-B Balkan Mediterranean 2014-2020. Целта на проектот беше засилување на транснационалниот иновативен капацитет на МСП од селектираните приоритетни сектори, како и да ги поддржи иновативните МСП во градењето на одржлива мрежа со други МСП во балканскиот и медитеранскиот регион со цел размена на знаења и развој на иновации. Во текот на годината главно се

развиваше заеднички интерактивен портал како систем преку кој МСП ќе ги добијат потребните информации и алатки за зголемување на нивната конкурентност на пазарот. Проектот покрај нашата вклучуваше уште 4 (четири) земји членки од регионот: Бугарија, Албанија, Грција и Кипар.

### Соработка со Државата Израел

На 28.12.2018 година Фондот со Министерството за здравство потпиша меморандум за соработка со државата Израел за соработка во областа иновации во здравството, со кој меѓу другото се предвидува обука за здравствени работници и поттикнување на развој и примена на иновации во здравствениот сектор.
Фондот ја засили соработката со Државата Израел во текот на 2019 година. Како резултат на таа соработка во Фондот беа одржани средби помеѓу израелските инвеститори и корисниците на Фондот, беа спроведени активности и размена на искуства во областа на поддршка на иновациите преку зајакнување на капацитетите на Фондот при што соработката ќе продолжи и во следниот период.

## ПРОМОЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во 2019 година Фондот стави зголемен акцент на делот посветен на односи со јавноста и промоција и се воведоа дополнителни механизми за директна и индиректна комуникација со јавноста и корисниците. Исто така, во текот на оваа година континуирано се организираа информативни настани, средби, конференции и панел дискусии кои имаа за цел да придонесат кон подобро реализирање на програмата на Фондот и придонесуваа кон подигање на свеста за значењето на иновациите кај бизнисот, зголемување на интересот за инструментите за поддршка и подобрување на квалитетот на предлог проектите.

Листата на настани вклучуваше учество и организација на работилници, инфо-сесии, конференции, секторски работни групи при Владата, работилници во Стопанските комори, прес конференции поврзани со објавувањето на јавните повици за финансирање и промоција на останатите активности на Фондот; свечени настани за доделување на договори за ко-финансирани грантови; регионални работилници и работни средби со претставници од регионот на теми поврзани со иновации, инвестирање, стратешки партнерства и конкурентност; специфични настани наменети за млади со млади; како и бројни други настани поврзани со тековните активности на Фондот.

Во текот на 2019 година, беа одржани околу 40 (четириесет) инфо-сесии во неколку градови низ државата, чија цел беше запознавање на потенцијалните апликанти со правилата и критериумите при аплицирање на повиците на Фондот објавени во текот на целата година.

Особено се интензивираше комуникацијата со медиумите и медиумското претставување на Фондот и информации поврзани со тековните активности и

поддржаните проекти.  Фондот во медиумите препозна значаен партнер за промоција на своите активности, инструменти и постигнати резултати. Медиумите беа вклучени и ги пренесуваа во голема мера новостите и информациите поврзани со работата на Фондот. Воспоставената редовна пракса за испраќање на прес соопштенија за инструментите за поддршка и активностите на Фондот продолжи да функционира и во текот на 2019 год.

Фондот во оваа календарска година ги интензивираше брифинзите и консултациите со претставници на медиумите и новинари кои имаат за цел поефикасна и директна комуникација и размена на информации поврзани со работата на Фондот.

Исто така, Фондот во соработка и со поддршка на УСАИД и државата Израел, од 22.09-28.09.2019 година организираше медиумска студиска посета во Израел за новинари од над десетина медиуми - ТВ, онлајн и печатени медиуми кои редовно ја следат работата на Фондот. Целта на посетата беше новинарите да се запознаат со израелското искуство во развој и поддршка на иновации и старт-ап компании како една од најразвиените земји во областа на иновации. Делегацијата имаше над 30 (триесет) средби со претставници на различни компании и универзитети во Тел Авив и Ерусалим. По враќањето од Израел групата одржа неколку состаноци на кои беа разменети искуства и се разгледуваат можности за подготовка на инструмент за поддршка на иновации во медиумите.

И оваа година Фондот се фокусираше на зголемена присутност на социјалните медиуми (Фејсбук и Твитер) и воведе нови механизми за комуникација. Според статистиките, посетеноста и интеракцијата од следбениците на Фејсбук и во 2019 година беше видливо зголемена и тоа од 18.504 (осумнаесет илјади петстотини и четири) заклучно 31 декември 2018г. на 30.000 (триесет илјади) заклучно со декември 2019г и до 400.000 (четиристотини илјади) рич месечно. Во август беше отворен и Инстаграм профил на Фондот каде веќе има на 700 (седумстотини) следбеници. Беше активиран и Youtube каналот на кој се споделуваат видео стории поврзани со настани на Фондот или проектите на корисниците.

На средина на август започнавме и со испраќање на (Newsletter) њузлетер. Истиот се испраќа еднаш месечно и ги содржи различни информации поврзани со тековните активности на Фондот и информации поврзани со поддржаните проекти или настани. Њузлетерот се испраќа на над 3000 (три илјади) адреси, меѓу кои до компании корисннчки, институции, медиуми како и потенцијални корисници кои го споделиле својот контакт на јавни настани организирани од Фондот или тековно се пријавуваат за истиот.

Фондот и во 2019 година на својата веб страна континуирано објавуваше информации и извештаи за сите настани и активности поврзани со работата, а постојано беше обновувана содржината во делот на регулативата.

Во 2019 година започна да работи и на нова комуникациска стратегија на Фондот која имаше за цел зголемување на нивото на свесност за резултатите од работата на ФИТР и опфаќаше повеќе активности. Во рамките на оваа стратегија беше изработен и план за

сеопфатна кампања која се реализира во неколку фази. Главната порака на кампањата е „Создаваме успешни приказни", а за истата беа изработени специјални креативни решенија и логоа.

Првиот дел од кампањата – "тизер фаза" стартуваше на 18.12.2019, а на 27.12.2019 се одржа голем јавен настан на кој и официјално беше промовиран почетокот на кампањата. Истата ќе трае и во наредната година и ќе биде проширена со повеќе сегменти како тестемонијали/ адверторијали/ гостувања во различни медиуми на одбраните "ФИТР амбасадори" во кампањата - луѓе кои работат на различни проекти и имаа постигнато резултати до сега. Оваа кампања беше продолжување на кампањата "Снајди се со стручно" која ја поддржуваат повеќе домашни и меѓународни партнери, а има за цел промоција на стручните занимања во државата.

# ОРГАНИЗАЦИЈА

## Организациска структура

Организациска структура во Фондот за иновации и технолошки развој остана непроменета во текот на 2019 година:

- ✓ Директор
- ✓ Сектор за програмски активности
  - o Одделение за подготовка на програми
  - o Одделение за спроведување на програми
- ✓ Сектор за општи и правни работи и финансии
  - o Одделение за правни работи, јавни набавки и архива
  - o Одделение за финансии и сметководство

Заклучно со 31.12.2019 година во Фондот имаше вкупно 6 вработени на неопределено време. Согласно, Годишниот план за вработување за 2019 година, беа предвидени 6 нови вработувања на административни службеници. Постапката за предвидените нови вработувања од Годишниот план беше започната во октомври 2019 година и истата ќе се финализира во текот на наредната година. Со цел зајакнување на капацитетите на Фондот, а врз основа на потребите на истиот, во текот на 2019 година дополнително се ангажираа и определен број на лица со договор за дело, како и 2 (две) лица преку Проектот за развој на вештини и иновации.

Со цел поквалитетно исполнување на предвидените активности и развој на своите капацитети, Фондот продолжува во исполнување на следните активности:

1/ Планирање на обуки и нивно усогласување со потребите на организацијата
2/ Прегледност и достапност на информации за сите вработени

**Листата на настани, обуки и студиски посети** на кои присуствуваа вработени од Фондот во текот на 2019 година вклучува:

- ✓ во периодот 29-30.01.2019 година во Брисел, претставник на ФИТР присуствуваше на Објаснувачки состанок за Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика, организиран од Европската Комисија;

- ✓ во периодот 11-12.03.2019 година во Брисел, претставник на ФИТР присуствуваше на Објаснувачки состанок за поглавје 25: Наука и истражување и Поглавје 26: Образование, млади и култура, организиран од Европската Комисија;
- ✓ во март, представници на ФИТР присуствуваа на конференција организирана од страна на Инвест Европа во Женева, со цел да се стенкат со дополнителни познавања за еквити фондовите и за механизмите на нивното работење;
- ✓ во периодот 18-22.03.2019 година во Бохињ - Словенија, претставник на Фондот присуствуваше во Словенија на Обука за обучувачи за подготовка на Национална економска програма, организирана од Centre for Excellence in Finance;
- ✓ на 11.04.2019 година во Брисел, претставник на ФИТР присуствуваше на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика;
- ✓ во април, претставник на Фондот учествуваше на семинар во Скопје на тема „Финансиско планирање, административни и финансиски правила (ПРАГ) како и известување за ЕУ проекти и други донатори";
- ✓ во периодот 31.03-06.04.2019 година, претставник на ФИТР, заедно со претставници од Министерството за економија, старт ап Македонија, СЕЕД Хаб Скопје, Македонската берза, Клубот на бизнис ангели, УСАИД и МАСИТ беа на студиско патување во Израел со цел за информирање за израелскиот старт ап систем, улогата на државата во поддршка на иновациите и стартапите и акцелераторите како и улогата на институцијата надлежна за иновации, како и посета на други заинтересирани лица и органи во нивниот стартап еко систем.
- ✓ во периодот 21-22.05.2019 година, претставник на Фондот учествуваше на иновацискиот самит "Иновација во акција" во Софија, Бугарија, во рамки на проектот „Поттикнување на иновативните капацитети кај малите и средните претпријатија", кој е дел од транснационалната програма ИНТЕРРЕГ Балкан-Медитеран 2014-2020;
- ✓ на 06.06.2019 година, претставник на Фондот учествуваше на Форумот за иновации организиран од Државниот завод за статистика во рамки на проектот „Поттикнување на иновативните капацитети кај малите и средните претпријатија" во Скопје;
- ✓ еден вработен од Фондот посети обука за едукација за јавни набавки за Договорни органи која се одржа на ден 25.09.2019 година во Биро за јавни набавки - Министерство за финансии и стекна потврда за положен испит за лице за јавни набавки на ден 25.10.2019 година со важност до 11.2021 година;
- ✓ во периодот 22-28.09.2019 година, со поддршка на Амбасадата на Израел во Скопје и Проектот на УСАИД за развој на деловниот екосистем во рамки на редовните активности, а во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој и Стартап Македонија, се реализираше студиско патување во Израел за претставници на медиумите и три претставници од Фондот. Целта на студиското патување беше запознавање на иновацискиот екосистем на оваа земја, како една од технолошки најнапредните во глобални рамки. Посетата беше наменета за новинари кои ја следат оваа тема, со цел стекнување на дополнителни знаења и искуства, како дел од напорите за подигнување на свеста кај стручната и општата јавност за значењето на иновациите и технилошкиот развој;

- на 04.10.2019 година, вработен од Фондот посети обука на темата: „Одговори и решенија на конкретни прашања и проблеми произлезени од примената на ЗЈН кај Договорните органи и Економските оператори"во хотел „City Park" – Скопје;
- на настанот „Петок за млади @ФИТР" одржан во просториите на Фондот на 04.10.2019 година, приближно 70 ученици и студенти беа поканети да аплицираат на НАСА Хакатон (NASA Space Apps Hackaton). Целта на настанот беше преку „забрзан курс" да се подготват младите учесници за аплицирање на НАСА Хакатонот во организација на Њу Менс Бизнис Акцелератор од Скопје. НАСА Хакатонот се одржа 18-20 октомври во рамки на Space Tech Convention.
- настанот Social Impact Award 2019 за проекти во областа на социјалното претприемништво беше одржан во просториите на ФИТР на 08.10.2019 година. ФИТР обезбеди награда за четвртиот добитен проект - „Дружење без граници" изработен од ученици и професор од приватното средно училиште САБА. Наградата обезбедена од страна на ФИТР беше: посета на пичинг настан во странство.
- како дел од настанот Space Tech Convention, ФИТР беше дел од организацијата на конвенцијата во рамки на која 5 фирми корисници на Фондот имаа свои штандови на кои ги претставија нивните иновативни производи. Настанот се одржа 21-23 октомври во хотел „Александар Палас" Скопје, а главниот организатор беше Њу Менс Бизнис Акцелератор.
- во рамките на вториот повик „Предизвик за млади истражувачи 2" се спроведоа 4 информативни сесии чија што цел беше споделување на насоки за забразување и поефикасна имплементација на наградените проекти кои ќе добијат финансиска поддршка од ФИТР. Сесиите беа спроведени во Град Скопје, Штип, Битола и Тетово. Во текот на месецот, три училишта ги презентираа резултатите/проектите од минатогодишниот јавен повик „Предизвик за млади истражувачи 1": СЕТУ „Михајло Пупин" од Скопје, ООУ „Крсте Мисирков" од Куманово и ООУ „Лазо Ангеловски" од Скопје;
- на 6.11.2019 година, во просториите на ФИТР се организираше презентација на еко проекти на компании и училишта кои се поддржани од страна на Фондот;
- на 8.11.2019 година, Фондот во соработка со ЕВН Македонија организираше настан во рамки на иницијативата „Петок за млади @ФИТР, на кој учествуваа тимови од 2 училишта од Берово, основно и средно, едно основно училиште од Прилеп и 2 скопски гимназии;
- од 12-14.11.2019 година се одржа седница на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во Брисел, Белгија на која претставник на Фондот ги претстави резултатите од програмите, индикаторите за евалулација на перформансот на корисниците и сл.;
- на 13.и 14.11.2019 година, 10 корисници на ФИТР беа претставени на саемот во рамки на самитот „Македонија 2025". На панел дискусијата на самитот свое излагање имаше директорот на Фондот, Јован Деспотовски;
- на 18.11.2019 година, во просториите на Фондот се одржа инфо сесија за претстојниот ФинХакатон2, на кој присуствуваа претставници на маркетинг агенции и медиуми. Претставник на Фондот го презентираше повикот за #ФинХакатон II, чија цел е изготвување на иновативна маркетинг стратегија за новата наградна игра "МојДДВ, #МојаНаграда";

- на 22.11.2019 год, во скопската гимназија „Георги Димитров“ се одржа настанот „Петок за млади @ФИТР“, на кој се претстави проектот изработен од тим од гимназијата, што опфаќа дрон со голема носивост. На настанот се претстави и компанијата Степап, која е корисник на фондот и која се претстави со летање на беспилотно возило;
- на 25.11.2019 год, во просториите на Фондот се одржа настан „Презентација на проектите од Ин Група“, во соработка со Министерство за труд и социјална политика, Програмата за поддршка при Обединетите Нации (УНДП), и Агенцијата за вработување на РСМ. Во рамки на настанот се одржа краток панел со претставници на најиновативните проекти, како и излагање на челниците на гореспоменатите институции;
- на 28.11.2019 год, во организација на ФИТР и штипскиот универзитет „Гоце Делчев“ се одржа консултативна дебата за иновациски ваучери;
- претставник на Фондот учествуваше на панел дискусија на Европски ден на претприемачот во рамките на Глобалната недела на претприемништво;
- претставник на Фондот присуствуваше на обука за официјални лица назначени за овозможување пристап до информации за јавен карактер, во организација на правното друштво „Правоматика“.
- на 03.12.2019 година претставник на Фондот беше панелист на регионалниот семинар „Информации за патенти и бази на податоци„, кој беше во организација на Светската организација за интелектуална сопственост (WIPO) и Државниот завод за интелектуална сопственост (ДЗИС). Настанот се одржа во Скопје.
- на 03.12.2019 година, во просториите на Сивус акцелератор се одржа еднодневна работилница за методологија за трансфер на технологии и аплицирање за европски фондови на која присуствуваа 2 претставника на фондот;
- на 04.12.2019 Соња Андова и Марио Стојковски присуствуваа на конференција „Зголемување на конкуренцијата на домашните мали и средни претпријатија со цел подобрување на нивната соработка со странските инвеститори“;
- на 05-06.12.2019 година во Подгорица, Црна Гора се одржа „3rd Innovation Forum Reshaping Monte Negro“ на тема „Youth. Innovation. Sustainable Future“. На настанот присуствуваше претставник на фондот како панелист на панелот насловен „Education and Technology Innovation as a Driving Force in shaping a Sustainable and Inclusive Future”;
- во период 08-13 декември 2019 год, по покана на амбасадорот од Израел, претставник на ФИТР учествуваше на обука во Ерусалим, Израел поврзана за локалниот иновациски екосистем на Ерусалим и Израел;
- на 11.12.2019 година се одржа работилница „Усогласување на рамките на показателите на цели за одржлив развој и показатели за оценување на постигнувањата“ на која присуствуваше еден претставник на фондот;
- на 12.12.2019 година претставник на фондот присуствуваше на работилница поврзана со развојот на национална стратегија за социјално претприемништво организирана од асоцијацијата „Паблик“ од Скопје;
- на 17.12.2019 год. од страна на Светска банка беше организирана обука на која учество зема претставник на фондот од сектор анализи и програми, на тема Sharing event of the national innovation and sms policies;

- во периодот 16-20.12.2019 година беа спроведени и одржани неколку посети на мисијата од Светска банка поврзани со проектот „Innovation and competitiveness ecosystem TA„ со цел анализа на инструментите, програмите на ФИТР и препораки за подобрување на работењето на ФИТР. Во рамки на посетата се одржаа состаноци со ФИТР со неколку претставника на Фондот.

Фондот ќе продолжи со циклусот на студиски посети и обуки, како дел од градење на капацитетите на Фондот.

## Управување

Во 2019 година **Управниот одбор** на Фондот одржа 30 (триесет) седници.

Во делокругот на работата на Управниот одбор во текот на 2019 година, со одлуки беа донесени или усвоени следните документи и акти на Фондот:

- планот за јавни набавки за 2019 година на Фондот за иновации и технолошки развој;
- текстот на Јавен повик за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта "Предизвик за млади истражувачи";
- одлуката за утврдување на бодот за пресметка на плата за вработените кои не се државни службеници;
- годишната програма на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година;
- годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година;
- правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации;
- пописот за 2018 година на Фондот за иновации и технолошки развој;
- годишната сметка на Фондот за 2018 година;
- статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на Фонд за иновациии и технолошки развој;
- правилникот за измена на Правилникот за инструмент за поддршка - Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации;
- правилникот за измена на Правилникот за инструмент за поддршка – Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератор;
- правилникот за измена на Правилникот за инструмент за поддршка – Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф;
- правилникот за измена на Правилникот за инструмент за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошка екстензија;
- правилникот за измена на Правилникот за инструмент за поддршка – Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст ("Газели");
- правилникот за измена на Правилникот за инструмент за поддршка – Кофинансирани грантови за микро претпријатија;
- правилникот за измена на Правилникот за инструмент за поддршка – Кофинансирани грантови за стручно усовршување и пракса за нововработени млади лица;

- ✓ правилникот за измена на Правилникот за инструмент за поддршка – Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста;
- ✓ измената на текстот на Јавниот повик за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта "Предизвик за млади истражувачи";
- ✓ измени и дополнувања на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Фондот за иновации и технолошки развој;
- ✓ одлуката за доделување на финансиски средства на невладната организација ЕЕСТЕК ЛЦ Скопје;
- ✓ одлуката за доделување на финансиски средства на Фондацијата за промовирање на иновативно учење, едукација и личен развој СТЕМ АКАДЕМИЈА Скопје;
- ✓ одлуката за доделување на финансиски средства на Сојузот на хемичари и технолози на Македонија;
- ✓ одлуката за доделување на финансиски средства на Друштвото на физичарите на Република Македонија;
- ✓ одлуката за доделување на финансиски средства на ОУ "Јохан Хајнрих Песталоци" Скопје;
- ✓ одлуката за доделување на финансиски средства на Конзорциум иноватор 2013;
- ✓ одлуката за доделување на финансиски средства на СОУ Гимназија "Гоце Делчев" Куманово;
- ✓ одлуката за донесување на Правила за измена и дополнување на Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата;
- ✓ одлуката за зголемување на буџетот за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта - Предизвик за млади истражувачи 2;
- ✓ одлуката за доделување на финансиски средства на Месна заедница Галичник;
- ✓ одлуката за избор на Друштво за ревизија за 2018 година;
- ✓ одлуката за доделување на финансиски средства на Здружение на информатичарите на Македонија;
- ✓ одлуката за студиска посета;
- ✓ одлуката за доделување на финансиска поддршка на Машински факултет - Скопје;
- ✓ одлуката за доделување на финансиска поддршка на СтартАп Македонија;
- ✓ одлуката за објава на меѓународен оглас за избор на членови на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој;
- ✓ правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој;
- ✓ програмата за изменување и дополнување на среднорочна програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро мали и средни претпријатија за 2018-2020 година;
- ✓ одлуката за одобрување на Ревизорскиот извештај за 2018 година на Фондот за иновации и технолошки развој;
- ✓ годишниот извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2018 година;
- ✓ правилникот за начинот на вклучување и работа на стручните лица во работата на Фондот за иновации и технолошки развој;

- ✓ правилникот за начинот на вклучување и работа на стручните лица за ревизија во работата на Фондот за иновации и технолошки развој и давањето на стручно мислење;
- ✓ правилникот за начинот на водење на регистар на запишување и бришење на стручните лица вклучени во работата на Фондот за иновации и технолошки развој;
- ✓ правилникот за начинот на запишување и бришење на стручните лица за ревизија вклучени во работата на Фондот за иновации и технолошки развој;
- ✓ тарифникот за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење на стручни лица за ревизија;
- ✓ тарифникот за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење на стручни лица;
- ✓ одлуката за доделување на финансиски средства на Бизнис Импакт Лаб - Скопје;
- ✓ одлуката за доделување на финансиска поддршка на Друштво за посредување и консалтинг СОЛВЕО ДОО Скопје;
- ✓ одлуката за доделување на финансиска поддршка на Друштво на физичарите;
- ✓ одлуката за доделување на финансиски средства на Филозофски факултет - Скопје;
- ✓ годишната програма на Фондот за иновации и технолошки развој за 2020 година;
- ✓ годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2020 година;
- ✓ исправката на техничката грешка во Правилникот за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за технолошки развој;
- ✓ годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Фондот за иновации и технолошки развој;
- ✓ годишната програма на Фондот за иновации и технолошки развој за 2020 година; и
- ✓ годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2020 година.

**Комитетот за одобрување инвестиции**
(во понатамошниот текст "КОИ") во 2019 година одржа 11 (единаесет) седници.

**Осмата седница** на КОИ, воедно и прва во 2019 година беше одржана на 21.01.2019 година и на 25.01.2019 година. Во рамките на оваа седница беа разгледувани извештаите за проценка на ризици за 5 (пет) од 79 (седумдесет и девет) компании за кои беше одобрено финансирање на јавниот повик по инструментите во рамки на Планот за економски раст. Извештаите беа презентирани од страна на независната организација Транспаренси Интренешнал во соработка со која кон крајот на 2018 година ФИТР подготви *Протокол за проценка на ризици на апликантите и нивната поврзаност со политички експонирани лица*.

**Деветтата седница** беше одржана 22-28.02.2019 година и 05.07.2019 година. На прviот и вториот ден од седницата беа разгледувани видео презентации на компании од јавниот повик по инструментот за поддршка „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва: старт ап и спин оф. Во третиот и четвртиот ден вкупно 19 компании избрани во претходните два дена беа повикани да ги презентираат своите проекти пред

КОИ. На петтиот ден беа разгледувани барањата за промени на корисниците на ФИТР како и останати прашања од важност за оперативното функционирање на КОИ. Барања за промени беа разгледувани и во текот на шестиот ден, а во продолжение на шестиот и во текот на седмиот и осмиот ден беше донесена одлука за финансирање на вкупно 34 апликанти во рамки на инструментот за поддршка „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва: старт ап и спин оф, како и одлука за апликантите за кои не беше одобрено финансирање. На осмиот ден од деветтата седница беше одлучено дека дополнителни 14 апликанти ќе бидат финансирани во рамки на овој инструмент за поддршка.

**Десеттата седница** беше одржана на 17.04.2019 година и на истата беа разгледувани повеќе прaѓања поврзани со тековното работење на КОИ и тоа: барања за промени во проектите на корисниците, информации за статусот на одредени корисници, извештаи за анализа на ризици за одредени апликации од страна на Транспаренси Интернешнал, извештаи за текот на јавниот повик по инструментот „Кофинансирани грантови за комецијализација на иновации“, како и други прашања поврзани со тековното работење на КОИ.

На **единаесеттата седница** што се одржа во периодот 10.-30.07.2019 година, во текот на 14 последователни денови, беа разгледувани вкупно 366 апликации во рамки на јавниот повик по инструментот „Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации“. Во заклучоците од 14-тиот ден на оваа седница, во Анекс 2 на записникот, наведени се вкупно 30 проекти (прв бран) кои се одобрени за финансирање. Во Анекс 3 на истиот записник наведени се компаниите кои ќе бидат одобрени за финансирање во колку бидат обезбедени дополнителни средства. Во останатите анекси согласно гласањата и одлуките на КОИ, наведени се компаниите кои не ги исполнуваат условите за финансирање по овој инструмент, како и компании кои сеуште не се спремни за финансирање. На седницата одржана 07.09.2019 година (15-ти ден) беа усвоени записниците од претходните денови.

На **дванаесеттата седница** одржана на 21.09.2019 година и **тринаесеттата седница** одржана на 28.09.2019 година, се разгледуваа барањата од корисниците и извештаите од дел од теренските посети на корисници од Планот за економски раст, столб 3 кои беа спроведени од страна на КОИ.

На **четиринаесеттата седница** која се одржа на 17.10.2019 година беа разгледувани дел од извештаите од теренските посети на КОИ спроведени кај корисниците на финансиски средства по повиците поврзани со третиот столб од Планот за економски раст, а беа разгледувани и барања за промени од корисници на ФИТР.

Согласно добиеното одобрување на дополнителни 7,5 (седум запирка пет) милиони евра од страна на Владата на Република Северна Македонија за финансирање во рамки на повикот за инструментот „Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации“, на **петнаесеттата седница**, одржана на 31.10.2019 година, беше одобрено финансирање на дополнителни 33 апликанти, содржани во Анексот 3 од записникот на 11-тата седница на КОИ. Индивидуалните договори со секоја од овие компании ќе бидат потпишани по ревидирањето на буџетите. На седницата беа разгледувани и барања за

промени во проектите на корисниците, како и презентација на резулатите од спроведување на првата фаза од проектите во рамки на инструментот „Кофинансирани грантови за технолошка екстензија", а со цел за одобрување на втората фаза од нивното спроведување.

**Шеснаесеттата седница се** одража на 07.11.2019 година. Во рамки на подготовките за седницата, претставници на Комитетот одржаа кратки состаноци со апликантите од јавниот повик по инструментот „Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации" кои до Фондот доставија аргументи на коментарите на Комитетот. На шеснаесеттата седница членовите на Комитетот заеднички ги разгледаа заклучоците и препораките од одржаните состаноци и одлучија повторно да ја разгледаат можноста за кофинансирање на одредени проекти откако апликантите ќе ги достават бараните дополнителни документи. На седницата беа разгледувани и барања за промени во буџетот и продолжувања на времетраењето на проектите на неколку корисници на Фондот.

На **седумнаесеттата седница** која се одржа на 22.11.2019 година, Комитетот донесе одлука за финансирање на девет апликации кои согласно со приложените дополнителни документи и заклучокот на Комитетот, ги исполнуваат условите за финансирање од страна на Фондот. Дополнително, беа разгледувани и барања од корисници за промени во членовите на тимовите и за продолжување на времетраењето на проектите.

**Осумнаесеттата седница** на КОИ се одржа на 16.12 и 19.12.2019 год. На седницата одржана на 19.12.2019 година, согласно доставените аргументи и дополнителна документација од страна на апликантите, беше донесена одлука за финансирање на дополнителни седум апликации. Во текот на двата дена беа разгледувани и барања за промени во имплементација на проектите на корисници на Фондот, прашања поврзани со работата на акцелераторите и корисниците од повикот за технолошка екстензија како и други прашања согласно предвидената агенда.

Во текот на декември 2019 година беа објавени два нови јавни повици за следните инструменти на поддршка: Кофинансирани грантови за технолошки развој (скратена и редовна постапка) и Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва: старт ап и спин оф, за кои Комитетот ќе одлучува во 2020 година.

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Фондот за 2019 година имаше вкупни планирани расходи од Основен буџет, Буџет од заеми, Буџет од Програма за рурален развој и Буџет од донации - Албанија во износ од 925.054.833 (деветстотини дваесет и пет милиони педесет и четири илјади осумстотини триесет и три) денари, додека вкупно реализирани до 31.12.2019 година беа расходи во износ од 736.577.543 (седумстотини триесет и шест милиони петстотини седумдесет и седум илјади петстотини четириесет и три) денари што претставува 79.63 % реализација на планот.

Во периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 година, планирани расходи од Основен буџет беа 646.090.000 (шестотини четириесет и шест милиони деведесет илјади) денари, а реализирани беа 643.778.405 (шестотини четириесет и три милиони седумстотини седумдесет и осум илјади четиристотини и пет) денари или 99,64% реализација на планот (Табела 1). Салдото во девизната благајна на 31.12.2019 е 0 (нула) евра и во денарската благајна е 0 (нула) денари. Во Прилог 1 на овој годишен извештај е финансискиот извештај за период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година.

Табела 1. Преглед на Финансиски Расходи за 2019 година

| Конто | Опис на конто | План за Расходи од Основен буџет | Реализација од Основен буџет заклучно со 31.12.2019 | Остаток |
|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 3.800.000 | 3.467.131 | 332.869 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 1.490.000 | 1.312.897 | 177.103 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 5.500.000 | 4.879.277 | 620.723 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.300.000 | 2.195.944 | 104.056 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 800.000 | 747.336 | 52.664 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 2.100.000 | 2.038.060 | 61.940 |
| 425 | Договорни услуги | 73.000.000 | 72.970.462 | 29.538 |
| 426 | Други тековни расходи | 1.500.000 | 1.248.026 | 251.974 |
| 464 | Разни трансфери | 554.800.000 | 554.651.964 | 148.036 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 300.000 | 150.851 | 149.149 |
| 481 | Градежни објекти | 60.000 | 45.657 | 14.343 |
| 482 | Други градежни објекти | 240.000 | 70.800 | 169.200 |
| 483 | Купување на мебел | 200.000 | 0 | 200.000 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | **646.090.000** | **643.778.405** | **2.311.595** |

Во периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 година, планирани расходи од буџет од заеми беа 232.316.000 (двестотини триесет и два милиони триста и шеснаесет илјади) денари, а реализирани беа 78.965.763 (седумдесет и осум милиони деветстотини шеесет и пет илјади седумстотини шеесет и три) денари или 33.99 % реализација на планот (Табела 2). Фондот за иновации и технолошки развој средствата од заемот ги користише за финансирање на следните инструменти: Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф; Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации; Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и Кофинансирани грантови за технолошка екстензија.

Табела 2. Расходи за буџети од заеми

| Конто | Опис на конто | Буџети од заеми (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2019 година |
|---|---|---|---|
| 464 | Разни трансфери | 232.316.000 | 78.965.763 |
| 4 | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **232.316.000** | **78.965.763** |

Во периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 година, планирани приходи од Програмата за рурален развој беа 38.498.833 (триесет и осум милиони четиристотини деведесет и осум илјади осумстотини триесет и три) денари, од нив потрошени беа 12.640.246 (дванаесет милиони шестотини и четириесет илјади двеста четириесет и шест) денари или 32.83% реализација на планот (табела 3). Средствата од оваа програма беа наменети, за исплата на средства по објавениот Јавен повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија, за исплата на средства по Јавен повик за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта – Предизвик за млади истражувачи 1 и Предизвик за млади истражувачи 2.

**Табела 3. Расходи според Програма за рурален развој**

| Конто | Опис на конто | Планиран износ од Програма за рурален развој (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2019 година |
|---|---|---|---|
| 464 | Разни трансфери | 38.498.833 | 12.640.246 |
| 4 | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **38.498.833** | **12.640.246** |

Во периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 година, планирани расходи од буџет од донации беа 8.150.000 (осум милиони сто и педесет илјади) денари, а реализирани беа 1.193.129 (еден милион сто деведесет и три илјади сто дваесет и девет) денари или 14.64 % реализација на планот (Табела 4). Целта на проектот беше да се да се зголеми конкурентноста и трговијата во областа на прекуграничната соработка, преку олеснување на трансферот на know-how технологии меѓу старт-ап и МСП.

**Табела 4. Буџет од донации - Албанија**

| Конто | Опис на конто | Буџети од заеми (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2018 година |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 200.000 | 0 |
| 421 | Комунални услуги греење, комуникација и транспорт | 450.000 | 14.488 |
| 425 | Договорни услуги | 2.750.000 | 372.597 |
| 426 | Други тековни расходи | 800.000 | 0 |
| 464 | Разни трансфери | 2.500.000 | 0 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 1.040.000 | 547.324 |
| 481 | Градежни објекти | 410.000 | 258.720 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **8.150.000** | **1.193.129** |

На наменската сметка за Фондот за еквити и мезанин инвестиции во текот на 2019 година нема реализација, односно износот е 50.000.000 (педесет милиони) денари.

## ЗАКЛУЧОК

Во периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 година Фондот ги реализираше планираните активности според динамиката утврдена во Годишната програма за работа на Фондот за 2019 година и Годишниот финансиски план за 2019 година.

Во текот на годината, Фондот објави четири јавни повици за финансирање на предлог проекти од приватниот сектор. И тоа јавен повик за финансирање на предлог проекти преку Инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, јавен повик за финансирање на проекти за новоосновани трговски друштва „Старт-ап„ и „Спин-оф“ во југозападниот регион на РСМ како дел од проектот „Иновативен Еко-Систем во областа на прекуграничната соработка“, јавен повик за финансирање на предлог проекти преку Инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој и јавен повик за финансирање на предлог проекти преку Инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва „старт-ап“ и „спин-оф“.

Вкупното портфолио на Фондот за иновации и технолошки развој, заклучно декември 2019 година, по основ на сите три извори на финансиска поддршка на претпријатијата (План за економски раст (столб III), Проект за поддршка на вештини и иновации (Заем од Светската банка) и комбинирана програма (ПЕР + Светска банка) изнесува вкупно 320 одобрени предлог проекти.

Во табелата подолу се прикажани статусите на одобрените предлог проекти:

| Статус на проект | Број на проекти |
|---|---|
| Тековен проект | 203 |
| Во фаза на потпишување на договор | 35 |
| Завршен проект | 43 |
| Во фаза на одобрување на завршен извештај | 22 |
| Откажан проект | 10 |
| Замрзнат проект | 4 |
| Не започнат проект | 3 |

| | |
|---|---|
| Вкупно | 320 |

Вкупното портфолио на Фондот изнесува 56,572,955.33 (педесет и шест милиони петстотини седумдесет и две илјади деветстотини педесет и пет евра и триесет и три центи) евра при што износот на финансиска поддршка од страна на Фондот е 34,743,868.61 (триесет и четири милиони седумстотини четириесет и три илјади осумстотини шеесет и осум евра и шеесет и еден цент) евра, додека сопственото кофинансирање на компаниите изнесува 21,829,086.72 (дваесети еден милион осумстотини дваесет и девет илјади осумдесет и шест евра и седумдесет и два центи) евра.

Поаѓајќи од значењето на човечките ресурси во поттикнување на иновативната дејност, Фондот делуваше во насока на јакнење на способностите и подобра реализација на потенцијалот на младите и на претставниците на академската заедница. Мерките насочени кон јакнење на човековите ресурси беа структурирани во две компоненти и тоа:

1) Фонд за млади умови, компонента која пред се ги таргетираше младите низ иницијативи поврзани со формалното и неформалното образование; и
2) Поврзување на академската заедница и индустријата, компонента која ја зајакнуваме и е насочена кон пренос на знаењата и резултатите од научните истражувања од академската и научната заедница во приватниот сектор.

Во текот на 2019 година Фондот ја продолжи соработката со постоечките партнерски институции, а реализираше и иницираше соработка со други домашни и меѓународни институции и организации кои обезбедуваат поддршка во секторот на иновации.

Организирани беа информативни настани, средби, конференции и инфо-сесии кои имаа за цел да придонесат кон подобро реализирање на програмата на Фондот за иновации и технолошки развој и подигање на свеста за значењето на иновациите кај бизнисот, зголемување на интересот за инструментите за поддршка на Фондот и подобрување на квалитетот на предлог-проектите кои се доставуваат на отворените повици.

Фондот за 2019 година имаше вкупни планирани расходи од Основен буџет, Буџет од заеми, Буџет од Програма за рурален развој и Буџет од донации - Албанија во износ од 925.054.833 (деветстотини дваесет и пет милиони педесет и четири илјади осумстотини триесет и три) денари, додека вкупно реализирани до 31.12.2019 година беа расходи во износ од 736.577.543 (седумстотини триесет и шест милиони петстотини седумдесет и седум илјади петстотини четириесет и три) денари што претставува 79.63 % реализација на планот.

Вкупните приходи на Фондот за 2019 година беа во износ од 925.054.833 (деветстотини дваесет и пет милиони педесет и четири илјади осумстотини триесет и три) денари, и тоа од Основен Буџет на РМ во износ од 646,090.000 (шестотини четириесет и шест милиони деведесет илјади) денари, од Задолжување кај Светска Банка во износ од 232.316.000 (двесте триесет и два милиони триста и шеснаесет илјади) денари, Програмата за рурален развој во износ од 38.498.833 (триесет и осум милиони и четиристотини деведесет и осум илјади и осумстотини триесест и три) денари и од Буџет

на донации – Албанија во износ од 8.150.000 (осум милиони сто педесет илјади) денари. Воедно Фондот реализираше приходи од самофинансирање во износ од 2.425.018 (два милиони четиристотини дваесет и пет илјади и осумнаесет) денари од уплата наројалти од страна на корисници на грантови.

Дел. Бр. 01-971/8
15.03.2021, Скопје

Претседател на Управен одбор
на Фонд за иновации и технолошки
развој
Моника Јованова

ПРИЛОЗИ

**Прилог 1. Финансиски извештај за расходи во период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година**

| Конто | Опис на конто | Основен Буџет 2019 (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2019 (денари) |
|---|---|---|---|
| **401** | **Основни плати** | **3.800.000** | **3.467.131** |
| 401110 | Основни плати - функционери | | 728.111 |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | | 1.400.010 |
| 401130 | Основни плати - други вработени | | 1.074.957 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | | 264.053 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **1.490.000** | **1.312.897** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | | 878.240 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | | 353.402 |
| 402220 | Основни придонеси за професионално заболување | | 23.904 |
| 402310 | Основни придонеси до Агенција за вработување | | 57.351 |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **5.500.000** | **4.879.277** |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | | 41.576 |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | | 213.918 |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | | 253.987 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | | 3.658.623 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | | 711.173 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **2.300.000** | **2.195.944** |
| 421110 | Електрична енергија | | 159.080 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 421120 | Водовод и канализација | | 11.515 |
| 421130 | Ѓубретарина | | 45.962 |
| 421210 | Централно греење | | 763.794 |
| 421240 | Течни горива | | 4.520 |
| 421310 | Пошта | | 25.016 |
| 421320 | Телефон и телефакс | | 587.251 |
| 421390 | Други трошоци | | 15.576 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | | 69.202 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | | 4.662 |
| 421430 | Транспорт на стоки | | 25.960 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | | 483.406 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **800.000** | **747.336** |
| 423110 | Канцелариски материјали | | 177.026 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | | 80.655 |
| 423210 | Материјали за АОП | | 156.304 |
| 423410 | Прехрамбени продукти и пијалаци | | 181.548 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | | 143.005 |
| 423810 | Ситен инвентар | | 8.798 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **2.100.000** | **2.038.060** |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вкл.резервни делови, гуми) | | 24.588 |
| 424210 | Одржување на згради | | 1.526.062 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | | 471.410 |
| 424430 | Поправки и одржување на машини | | 1.800 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | | 14.200 |
| **425** | **Договорни услуги** | **73.000.000** | **72.970.462** |
| 425110 | Изнајмување на канцелариски простор | | 4.134.584 |
| 425130 | Изнајмување на друг тип простор | | 1.351.810 |
| 425220 | Банкарски провизии | | 121.582 |
| 425230 | Осигурување на вработени (несреќи, живот) | | 1.973 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | | 19.666 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | | 29.125 |
| 425310 | Правни услуги | | 880.310 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | | 18.400 |
| 425790 | Други образовни услуги | | 1.307.807 |
| 425910 | Преведувачи | | 26.814 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | | 159.456 |
| 425930 | Научно истражување | | 82.600 |
| 425970 | Консултантски услуги | | 17.073.942 |
| 425990 | Други договорни услуги | | 47.762.393 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **1.500.000** | **1.248.026** |
| 426210 | Расходи за репрезентација | | 495.992 |
| 426310 | Семинари и конференции | | 73.049 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 426410 | Објавување на огласи | | 544.434 |
| 426990 | Други оперативни расходи | | 134.551 |
| **464** | **Разни трансфери** | **554.800.000** | **554.651.964** |
| 464990 | Други трансфери | | 554.651.964 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **300.000** | **150.851** |
| 480110 | Купување на канцелариска опрема | | 96.821 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | | 36.441 |
| 480150 | Купување на кујнска опрема | | 9.999 |
| 480190 | Купување на друга опрема | | 7.590 |
| **481** | **Градежни објекти** | **60.000** | **45.657** |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | | 45.657 |
| **482** | **Други градежни објекти** | **240.000** | **70.800** |
| 482910 | Подготвување проекти вклучувајки дизајн на други објекти | | 70.800 |
| **483** | **Купување на мебел** | **200.000** | **0** |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **646.090.000** | **643.778.405** |

Табела 2. Расходи за буџети од заеми

| Расходи за буџети од заеми | | | |
|---|---|---|---|
| Конто | Опис на конто | Буџети од заеми (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2019 година |
| **464** | **Разни трансфери** | 232.316.00 | 78.965.763 |
| 464990 | Други трансфери | 232.316.00 | 78.965.763 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **232.316.00** | **78.965.763** |

Табела 3. Расходи според Програма за рурален развој

| Расходи за Програма за рурален развој | | | |
|---|---|---|---|
| Конто | Опис на конто | Планиран износ од Програма за рурален развој (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2019 година |
| **464** | **Разни трансфери** | | **12.640.246** |
| 464990 | Други трансфери | | 12.640.246 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **12.640.246** |

Табела 4. Буџет од донации - Албанија

| Расходи за буџет од донации – Албанија |
|---|

| Конто | Опис на конто | Буџети од заеми (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2019 година |
|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 200.000 | 0 |
| 421 | Комунални услуги греење, комуникација и транспорт | 450.000 | 14.488 |
| 425 | Договорни услуги | 2.750.000 | 372.597 |
| 426 | Други тековни расходи | 800.000 | 0 |
| 464 | Разни трансфери | 2.500.000 | 0 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 1.040.000 | 547.324 |
| 481 | Градежни објекти | 410.000 | 258.720 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | **8.150.000** | **1.193.129** |